Република Северна Македонија
Republika e Maqedonisë së Veriut

СУДСКИ СОВЕТ НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
KËSHILLI GJYQËSOR I REPUBLIKËS SË MAQEDONISË SË VERIUT

Ул. “Македонија“ бр. 5, 1000 Скопје | тел. 02/3 218 130 факс. 02/3 218 131 | contact@ssrm.mk
Rr. ”Makedonija” nr. 5, 1000 Shkup | tel. 02/3 218 130 faksi. 02/3 218 131 | contact@ssrm.mk

Бр. ____________

________________

СКОПЈЕ

# З А П И С Н И К
## од 428-та седница на Судскиот совет на Република Северна Македонија

**Скопје, 25.01.2023 година**

Седницата се одржа на ден 25.01.2023 година со почеток во 10:10 часот во салата за седници.

Присутни членови:

- **Весна Дамева**, претседател;
- **м-р Селим Адеми**, заменик претседател;
- **Мирјана Радевска Стефкова**, член;
- **Ханиф Зендели**, член;
- **Мери Радевска**, член;
- **Зоран Герасимовски**, член;
- **Ивица Николовски**, член;
- **Сашко Георгиев**, член;
- **Мирсад Суроји**, член;
- **м-р Миљазим Мустафа**, член;
- **Павлина Црвенковска**, член;
- **м-р Тања Чачарова Илиевска**, член.

On line присутен : **Беса Адеми**, претседател на Врховен суд

Отсутни членови:

- **д-р Никола Тупанчевски**, министер за правда, уредно поканет
- **Лорета Горгиева**, член, на боледување

Присутни од стручната служба:

- **Весна Толева**, ВД генерален секретар
- **м-р Вера Андрејчин**, советник
- **Јулијана Георгиевска**, државен советник

Седницата е отворена за јавноста и се констатира присуство на :

- Преставник од Институт за човекови права
- Претставник од Коалиција сите за правично судење

Согласно чл. 8 ст. 1 од Законот за Судскиот совет, седницата ја отвори и со неа раководеше претседателот на Советот **Весна Дамева**.

Откако го констатира присуството на членовите на Советот и нивното отсуство, со излагање на причините за членовите кои не се присутни на седницата предложи Дневниот ред за 428-та седница, да се прошири со оглед на доставени материјали на разгледување заради постапување поврзано со рокови, а точката 11. Разгледување и усвојување на Правилници усогласени согласно Законот за заштита на лични податоци, да се повлече од дневен ред.

Претседателот на Советот **Весна Дамева** отвори расправа по предложениот Дневниот ред.

За збор се јави заменик претседателот на Советот **Селим Адеми** кој ја повлече од дневен ред претставката под УПП бр.08-3/23

За збор се јави членот на Советот **Мери Радевска** која ја повлече од дневен ред преставката под УПП бр.08-432/22.

Откако се констатира дека друг не се јави за збор претседателот на Советот **Весна Дамева** предложениот Дневниот ред го стави на гласање.

По гласањето се констатира дека едногласно, со 12 гласа „За“ и ниту еден глас „Против“ е усвоен следниот:

## ДНЕВЕН РЕД

1. Усвојување на:
    - Записник од 421-та седница на Судскиот совет на Република Северна Македонија од 07.12.2022 година и продолженија од 12.12.2022 и 16.12.2022 година;
    - Записник од 423-та седница на Судскиот совет на Република Северна Македонија од 20.12.2022 година;
    - Записник од 425-та седница на Судскиот совет на Република Северна Македонија од 21.12.2022 година;
    - Записник од 426-та седница на Судскиот совет на Република Северна Македонија од 29.12.2022 година и
    - Записник од 427-та седница на Судскиот совет на Република Северна Македонија од 11.01.2023 година
2. Утврдување на престанок на судиска функција поради исполнување на услови за старосна пензија
3. Разгледување на Извештаите на Комисијата за проверка на навременост на пријавите и комплетност на документите на кандидати за избор на претседатели на Апелационен суд Скопје, Апелационен суд Штип, Основен суд Берово, Основен суд Битола и Основен суд Крушево
4. Формирање на Комисии за увид и оценка на кандидати за избор на претседатели на апелациони судови и основен суд
5. Усвојување на Предлог оценки на кандидати за претседател на Основен суд Куманово
6. Разгледување на Извештај по жалби по Предлог ранг листа на кандидати за избор на двајца судии на Апелационен суд Гостивар за кривична област
7. Информација по податоци и Функционални анализи во врска со времено упатување на судии за вршење на судиска функција во друг суд
8. Разгледување на Насоки за толкување и имплементација на начелата содржани во Етичкиот кодекс за членовите на Судскиот совет на Република Северна Македонија
9. Донесување на Одлука за усвојување на Годишен план за јавни набавки за 2023 година;
10. Расправа по претставките и поплаките од граѓаните и правните лица за работата на судиите, претседателите на судовите и судовите, поднесени до Судскиот совет на Република Северна Македонија и тоа:
    УПП бр.367/22, 417/22; 466/22;
    УПП бр.411/22, 419/22, 446/22, 459/22, 2/23
    УПП бр.352/22, 416/22, 428/22, 440/22, 455/22;
    УПП бр.404/22, 427/22, 443/22, 457/22;
    УПП бр.415/22, 422/22, 429/22, 441/22;
    УПП бр.274/22, 372/22, 421/22, 435/22, 460/22, 6/23;
    УПП бр.431/22; 454/22;
    УПП бр. 447/22, 451/22, 461/22;
    УПП бр. 343/22, 408/22, 433/22, 444/22, 458/22, 468/22;
    УПП бр.358/22, 405/22, 442/22, 470/22.
11. Формирање на Комисии на известители по поднесени барања за поведување на постапка за утврдување на одговорност на судија/претседател на суд; и
12. Разно.

Пред да се премине на расправа по 1-та точка од дневниот ред претседателот на Советот **Весна Дамева** напомена дека на денешниот дневен ред се ставени на усвојување сите записници од претходно одржани седници и го задолжи ВД Генералниот секретар секој записник од претходната да се стави на разгледување на наредната седница и од тие причини е направен распоред со присуство на државните советници на седница за изготвување на записниците, а заради навремено усвојување .

**Точка 1**

**Усвојување на: Записник од 421-та седница; Записник од 423-та седница; Записник од 425-та седница; Записник од 426-та седница и Записник од 427-та седница**

Претседателот на Советот **Весна Дамева** отвори расправа по Записник од 421-та седница на Судскиот совет на Република Северна Македонија од 07.12.2022 година и продолженија од 12.12.2022 и 16.12.2022 година;

Откако констатира дека никој не се јави за збор записникот го стави на гласање. По гласањето се констатира дека едногласно, со 11 гласа „За“ и ниту еден глас „Против“ записникот е усвоен без измени и дополнувања.

Претседателот на Советот **Весна Дамева** отвори расправа по Записник од 423-та седница на Судскиот совет на Република Северна Македонија од 20.12.2022 година.

Откако констатира дека никој не се јави за збор записникот го стави на гласање. По гласањето се констатира дека едногласно, со 12 гласа „За“ и ниту еден глас „Против“ записникот е усвоен без измени и дополнувања.

Претседателот на Советот **Весна Дамева** отвори расправа по Записник од 425-та седница на Судскиот совет на Република Северна Македонија од 21.12.2022 година. Се констатира дека членови на Советот кои не присуствувале на седница, истите да не гласаат за усвојување на записникот од таа седница. Се констатира дека членот на Советот Ханиф Зендели бил отсутен.

За збор се јави член на Советот **Тања Чачарова Илиевска** која има забелешка на записникот во кој треба да се констатира дека членовите на Советот Мирсад Суроји, Сашко Георгиев и Тања Чачарова Илиевска биле отсутни од седницата од оправдани причини, поради работна посета на Основен суд Тетово врз основа на заклучок на Советот.

По гласањето се констатира дека едногласно, записникот е усвоен со забелешката на членот на Советот Тања Чачарова Илиевска.

Претседателот на Советот **Весна Дамева** отвори расправа по Записник од 426-та седница на Судскиот совет на Република Северна Македонија од 29.12.2022 година.

За збор се јави претседателот на Советот **Весна Дамева** со забелешки на записникот на стр. 7 каде има болдираните делови , болдирана е годината 2019 и треба да стои 2010 година, и на стр. 8 од записникот исто болдираните делови да се бришат.

Наведе дека записниците по изготвување од државните советници прво да ги проверува генералниот секретар за да на седница нема забелешки како горенаведеното, а потоа дополнително записниците ќе ги проверува претседателот на Советот.

По гласањето се констатира дека едногласно, со 12 гласа „За“ и ниту еден глас „Против“ записникот е усвоен со забелешките на претседателот на Советот Весна Дамева .

Претседателот на Советот **Весна Дамева отвори** расправа по Записник од 427-та седница на Судскиот совет на Република Северна Македонија од 11.01.2023 година.

За збор се јави претседателот на Советот **Весна Дамева** со забелешка од суштинско значење на страна 18 став 5 од записникот каде е наведено дека едногласно е донесена одлуката, со оглед да таа има гласано против, така да не е точно наведено гласањето за одлуката дека е едногласно донесена и да се нотира во записникот точниот број гласови, а на страна 19 од записникот во првиот ред зборот вторпат да се брише бидејќи предлогот за таа дисциплинска мерка само еднаш бил ставен на гласање.

По гласањето се констатира дека едногласно, со 12 гласа „За“ и ниту еден глас „Против“ записникот е усвоен со забелешките на претседателот на Советот Весна Дамева.

**Точка 2**

**Утврдување на престанок на судиска функција поради исполнување на услови за старосна пензија**

По 2-та точка од Дневниот ред претседателот на Советот **Весна Дамева** наведе дека согласно евиденцијата со која располага Судскиот совет се утврди дека за четворица судии се исполнети услови за престанок на судиска функција поради исполнети услови за старосна пензија со навршени 64 години поради што се предлага да се донесат одлуки за престанок по наведениот основ и тоа за следните судии :

Судијата Фаик Арслани судија на Врховниот суд на РСМ наполнил 64 години на 17.01.2023 година,

Судијата Дијана Димитрова судија на Вишиот управен суд наполнил 64 години на 12.01.2023 година,

Судијата Беџет Елези судија на Основен суд Куманово наполнил 64 години на 15.01.2023 година, и

Судијата Љубин Биноски судија на Основен суд Прилеп наполнил 64 години на 19.01.2023 година .

Понатаму претседателот на Советот Весна Дамева ја искоментира состојбата во однос на тоа дека денес во пензија одат 4 судии а до крајот на годината уште многу, па како понатаму ќе се надмине состојбата во судството, а со оглед да вината не е на Судскиот совет па предлага дека треба да се апелара до надлежните да ги имаат предвид измените на законите, а предвид да на дневен ред денес е и дописот од стручната служба во судовите. Исто така наведе дека се прават напори од страна на претседателот на Советот и заменик претседателот на Советот Селим Адеми и по однос на законите и вработувањата.

За збор се јави членот на Советот **Тања Чачорова Илиевска** со предлог да се рзмислува за друг начин за влез во Академијата.

Се констатира дека претседателот на Врховниот суд **Беса Адеми** е online присутен на седницата преку zoom.

За збор се јави заменик претседателот на Советот **Селим Адеми** со предлог да се има посебна седница со единствена точка на дневен ред од која ќе произлезат конкретни предлози со точни податоци за број на судии од Судскиот совет до Министерство за правда.

За збор се јави членот на Советот **Тања Чачорова Илиевска** да Советот биде чекор пред Стратегијата за судството чие изготвување е во текот, за да овие предлози влезат во Стратегијата пред донесување на истата.

Претседателот на Советот **Весна Дамева** предложи да се добијат податоци од службата и добиени податоци прво да бидат разгледани на работен состанок а потоа на седница.

Претседателот на Советот **Весна Дамева** констатира дека по оваа точка од дневниот ред се донесени следните:

Р Е Ш Е Н И Е

Се утврдува престанок на судиската функција на Фаик Арслани, судија на Врховен суд на Република Северна Македонија на 25.01.2023 година, поради исполнување на услови за старосна пензија

. Р Е Ш Е Н И Е

Се утврдува престанок на судиската функција на Дијана Димитрова, судија на Виш управен суд на 25.01.2023 година, поради исполнување на услови за старосна пензија.

Р Е Ш Е Н И Е

Се утврдува престанок на судиската функција на Беџет Елези, судија на Основен суд Куманово на 25.01.2023 година, поради исполнување на услови за старосна пензија.

Р Е Ш Е Н И Е

Се утврдува престанок на судиската функција на Љубен Биноски, судија на Основен суд Прилеп на 25.01.2023 година, поради исполнување на услови за старосна пензија.

**Точка 3**

**Разгледување на Извештај на Комисијата за проверка на навременост на пријавите и комплетност на документите на кандидати од оглас за избор на претседатели на Апелационен суд Штип, Основен суд Берово, Основен суд Битола и Основен суд Крушево и Извештај на Комисијата за проверка на навременост на пријавите и комплетност на документите на кандидати по оглас за избор на претседател на Апелациониот суд Скопје**

По 3-та точка од дневниот ред претседателот на Советот **Весна Дамева** наведе дека со одлука на Советот е формирана Комисијата за проверка на навременост на пријавите и комплетност на документите на кандидати по оглас за избор на претседатели на Апелационен суд Штип, Основен суд Берово, Основен суд Битола и Основен суд Крушево која спроведе постапка и по увид во пријавите и целокупната документација од пријавените кандидати по огласот објавен во Сл. весник на РСМ бр. 244/22 и достави извештај. Известител на Комисијата е членот на Советот Ханиф Зендели.

Му даде збор на членот на Советот **Ханиф Зендели** кој презентираше дека Извештајот на Комисијата за проверка на навременост на пријавите и комплетност на документите на кандидати за избор на претседатели на Апелационен суд Скопје, Апелационен суд Штип, Основен суд Берово, Основен суд Битола и Основен суд Крушево биле изготвени и спремен за седницата на закажана за 11.01.2023 година но бил одложен поради отсуство на членот на Комисијата, Лорета Горгиева која беше на боледување.

Комисијата во состав и присуство на претседателот на Комисијата Ханиф Зендели и Тања Чачарова Илиевска член на Комисијата на ден 23.01.2023 година одлучиле Извештајот со двајца членови да го достават за оваа седница со службена забелешка дека членот на Комисијата Лорета Горгиева не се јави на работа. Понатаму наведе дека Комисијата по огласот за избор на претседател на Апелационен суд Штип утврдила дека двајцата пријавени кандидати – Тони Делев и Кирче Донев судии на Апелациониот суд Штип ги исполнуваат законските услови по огласот. По однос на огласот за избор на претседател на Основен суд Битола, пријавениот кандидат Татјана Петровска судија на Основен суд Битола ги исполнува условите за избор, додека пријавениот кандидат Александар Илиевски судијата на Основен суд Битола не ги исполнува условите за избор, од причина што нема потврда за судиски стаж има доставено уверение од Фонд за ПИОМ од кое Комисијата неможе да утврди колку години стаж има како судија. Од тука Комисијата предлага единствен кандидат за избор на претседател на Основен суд Битола да биде Татјана Петровска. По огласот за избор на претседател на Основен суд

Крушево и Основен суд Берово нема пријавени кандидати и Комисијата предлага да се објави нов оглас за избор на претседател на Основен суд Берово и Основен суд Крушево.

Претседателот на Советот **Весна Дамева** отвори расправа по однос на тоа дека Комисијата констатирала за судијата Александар Илиевски дека не доставил потврда за судиски стаж, побара мислење дали ова е основ за отфрлање на пријавата за да Советот завземе став при вакви случаи .

На прашање на членот на Советот **Мирјана Радевска Стефкова** до Комисијата како гласи огласот за претседател на Основен суд Битола, членот на Советот Ханиф Зендели одговори дека на огласот објавен на 15.11.2022 година кандидатите треба да ги исполнува условите од членот 47 од Законот за судовите, да достават потврда за непрекинат судиски стаж од најмалку 6 години и програма за работа со акциски план.

За збор се јави членот на Советот **Мирјана Радевска Стефкова** со оглед на содржината на огласот не смета дека е претеран формализам кога се бара судијата да достави согласно законот потврда за непрекинат судиски стаж од 6 години, а не како во случајот потврда издадена од Фонд за ПИОМ која е потврда за вкупен работен стаж, но не и за судискиот стаж согласно условите од огласот.

За збор се јави членот на Советот **Мери Радевска** напомена дека во огласот е наведено дека некомплетната документацаија нема да биде разгледувана.

За збор се јави претседателот на Врховниот суд **Беса Адеми** која се согласи со укажувањата на судијата Мирјана Радевска Стефкова и да кандидатите по условите како е пропишано во член 47 од законот ги достават потребните документи по огласот.

За збор се јави претседателот на Советот **Весна Дамева** за да се произнесе дека неспорно претходната состојба со објавуваните огласи од страна на Судскиот совет се промени и се надмина проблемот кои докази треба да се доставуваат на огласот и иако не е согласна со претеран формализам, во конкретниот случај одлуката е на мнозисвото со која се согласува и го дели мислењето.

Откако се констатира дека никој друг не се јави за збор, претседателот на Советот **Весна Дамева** го стави на гласање предлогот на Комисијата по огласот за претседател на Апелациониот суд Штип.

По гласањето се констатира дека едногласно, со 12 гласа „За“ и ниту еден глас „Против“ предлогот е усвоен и продолжува постапката за судиите Тони Делев и Кирче Донев за избор на претседател на Апелациониот суд Штип.

Претседателот на Советот **Весна Дамева** го стави на гласање предлогот на Комисијата по огласот за претседател на Основен суд Битола

По гласањето се констатира дека едногласно, со 12 гласа „За“ и ниту еден глас „Против“ предлогот е усвоен и продолжува постапката за судијата Татјана Петровска за избор на претседател на Основен суд Битола, а за кандидатот Александар Илиевски се констатира дека не доставил комплетна и уредна документација по огласот за претседател на Основен суд Битола објавен во Сл.весник на РСМ бр. 244/22 .

Претседателот на Советот **Весна Дамева** го стави на гласање предлогот на Комисијата за објава на нов оглас за избор на претседател на Основен суд Берово и Основен суд Крушево.

По гласањето констатира дека едногласно, со 12 гласа „За“ и ниту еден глас „Против“ предлогот е усвоен и донесена е следната:

О Д Л У К А

Да се објави оглас за:

- За избор на претседател на Основен суд Берово и
- За избор на претседател на Основен суд Крушево.

Претседател на Советот **Весна Дамева** се обрати со барање до ВД Генералниот секретар одлуката за објава на оглас за избор на претседател на Основен суд Берово и Основен суд Крушево, пред објава на огласот да биде разгледана од претседателот на Советот.

Понатаму претседателот на Советот **Весна Дамева** премина на разгледување на Извештајот на Комисијата за проверка на навременост на пријавите и комплетност на документите на кандидати по оглас за избор на претседател на Апелациониот суд Скопје и во однос на истиот наведе дека со одлука на Советот е формирана Комисијата за проверка на навременост на пријавите и комплетност на документите на кандидати по оглас за избор на претседател на Апелационен суд Скопје која спроведе постапка и по увид во пријавите и целокупната документација од пријавените кандидати по огласот објавен во Сл.весник на РСМ бр.269/22 доставен е Извештај и на известителот на Комисијата членот на Советот Ханиф Зендели му даде збор.

Член на Советот **Ханиф Зендели** наведе дека и тука член на Комисијата е Лорета Горгиева па и овој Извештај е изготвен од двајцата членови на Комисијата, како и претходниот извештај. Комисијата констатирала дека по одлуката број 09-2104/2 од 09.12.2022 година за избор на претседател на Апелационен суд Скопје се пристигнати вкупно две пријави. Кандидатот Мери Дика Георгиевска ги исполнува законските услови за избор на претседател на судот, додека за пријавениот кандидат Јетмире Ајдини Бошњаку во Извештајот е даден предлог од Комисијата дека не ги исполнува условите за избор на претседател од причина што не е потпишан Акциониот план. Иако во извештајот е даден овој предлог Комисијата на денешната седница предлага да продолжи постапката за двајцата кандидати со оглед дека е пропуст на Комисијата затоа што програмата оди заедно со акциониот план.

Претседателот на Советот **Весна Дамева** отвори расправа по извештајот на Комисијата.

За збор се јави членот на Советот **Мирјана Радевска Стефкова** и според неа во овој случај е претеран формализам да се бара потпис на акциониот план и се согласува со предлогот да продолжи постапката за двајцата кандидати.

За збор се јави член на Советот **Зоран Герасимовски** кој се согласува дека е претерен формилизам да се бара потпис на акциониот план и се согласува со предлогот да продолжи постапката за двајцата кандидати. Понатаму го постави прашањето дали кандидатот Јетмире Ајдини Бошњаку има непрекин судскиот стаж од 6 години како предвидува законот или има прекин во стажот кога била претседател во Управниот суд , а со оглед да во потврдата издаена од Апелациониот суд Скопје стои дека има стаж од 11 години и 8 месеци и 23 дена.

Членот на Советот **Ханиф Зендели** појасни дека кандидатот Јетмире Ајдини Бошњаку е избарана за судија во 2008 година кога била судија во Основен суд се од 2011 година, од 2011 година до 2013 година е судија во Апелациониот суд Скопје, од 2013 година до 2017 година е претседател на Управен суд и од 2017 година до денот на пријавување на огласот објавен на 14.12.2022 година е судија на Апелациониот суд Скопје и од ова произлегува дека нема 6 години непрекинат стаж во Апелациониот суд Скопје.

Според членот на Советот **Зоран Герасимовски** предвид одредбата од членот 47 од Законот за судовите каде услов е 6 години непрекинат судиски стаж во суд од ист или повисок степен, дали Управниот суд се изедначува со Апелациониот суд како суд од ист степен.

По прашањето произлегоа различни размислувања меѓу кои и тоа дали коефициентот на плати на судиите во апелационен и управен суд може да биде мерило за суд од ист степен .

*Заменик претседателот на Советот Селим Адеми констатира дека Престедателот на Советот Весна Дамева ја напушти седницата од оправдани причини и истата продолжи да ја води заменик претседателот на Советот Селим Адеми.*

Според претседателот на Врховниот суд **Беса Адеми** управниот и апелациониот суд не се изедначени ниту по поставеност ниту по надлежност., а коефицинетот на плати неможе да биде мерило за ова.

За збор се јави членот на Советот **Мирјана Радевска Стефкова** и во насока на изнесеното ја прочита одредбата од член 46 став 1 т.5 од Законот за судови каде посебни услови за избор за судија на Врховен суд може да биде избрано лице кое има работно искуство од најмалку шест години стажа како судија во апелационен суд до моментот на пријавуање на изборот , од каде може да се заклучи дека на ист ранг односно на ист степен не се управниот, виш управен и апелационен суд во однос на толкување на одредбата од член 47 став 1 од законот дека судија на Врховен суд би можел да биде и судија на Управниот суд. Наведе дека управното судство е специјализирано судство, степените се основен суд,апелационен суд и врховен суд , а за апелационен суд од ист степен е само апелационен суд без оглед од кое подрачје е, а Врховниот суд е степен на суд за кој може да конкурира само судија од апелационен суд.

За збор се јави членот на Советот **Павлина Црвенковска** која се согласи со изнесеното од членот на Советот Мирјана Радевска Стефкова .

За збор се јави членот на Советот **Миљазим Мустафа** кој во контекст на посочената одредба за условите за избор во Врховен суд ја прочита одредбата од членот 46 став 2 т.2 од Законот за судовите каде за судија на Виш управен суд може да биде лице од најмалку шест години непрекинат судиски стаж како судија во апелационен или во Ууправен суд до моментот на пријавување на избор.Ова посочи дека е заради завземање на став во иднина, а во конкретниот случај да се бара правно мислење и разрешница.

За збор се јави членот на Советот **Тања Чачарова Илиевска** која не се согласува за изедначување по одредбата која ја прочита членот на Советот Миљазим Мустафа .

По звршување на расправата, заменик претседателот на Советот **Селим Адеми** го стави на гласање предлогот дека кандидатот Јетмире Ајдини Бошњаку од причини што нема 6 години непрекинат стаж во ист суд не ги исполнува условите и неможе да биде кандидат за избор на претседател на Апелационен суд.

По гласањето се констатира дека со 8 гласа „За“ и 3 гласа „Против“ усвоен е предлогот и усвоен Извештајот на Комисијата со насоки дека Јетмире Ајдини Бошњаку од причини што нема 6 години непрекинат стаж во ист суд не ги исполнува условите за избор.

Заменик претседателот на Советот **Селим Адеми** го стави на гласање предлогот на Комисијата по однос на кандидатот Мери Дика Георгиевска дека ги исполнува условите за избор.

По гласањето се констатира дека едногласно, со 11 гласа „За“ и ниту еден глас „Против“ усвоен е предлогот и продолжува постапката за единствениот кандидат Мери Дика Георгиевска судија на Апелациониот суд Скопје за избор на претседател на Апелациониот суд Скопје .

Заменик претседателот на Советот **Селим Адеми** во 11.45 часот даде пауза во траење од 30 минути .

По паузата седницата продолжи во 12.15 часот и се премина на 4-та точка од дневниот ред.

**Точка 4**

**Формирање на Комисии за увид и оценка на кандидати по објавени огласи за избор на претседатели на апелациони судови и основен суд**

По 4-та точка од Дневниот ред заменик претседателот на Советот **Селим Адеми** наведе дека согласно чл. 5 и чл. 7 од Правилникот за начинот на формирање на Комисии за оценка на работата на судиите и претседателите на судовите бр.01-1483/1 од 24.09.2021 година, потребно е да се формираат Комисии за увид и оцена на претседател на Апелациониот суд Штип, Апелациониот суд Скопје и Основниот суд Битола и констатира дека ќе се пристапи кон ждребање.

По спроведеното ждребање Советот го донесе следното:

РЕШЕНИЕ

СЕ ФОРМИРА Комисија за увид и оцена на судии на Апелационен суд Штип и Апелационен суд Скопје, во состав:

Претседател на Комисијата

-Сафет Кадрии (судија на Врховниот суд на РСМ);

Членови на Комисијата:

-Владимир Стојаноски (судија на Врховниот суд на РСМ);

-Цветанка Периќ (судија на Врховниот суд на РСМ);

-Џемали Саити (судија на Врховниот суд на РСМ);

-Африм Фидани (судија на Врховниот суд на РСМ)

По спроведеното ждребање Советот го донесе следното:

РЕШЕНИЕ

СЕ ФОРМИРА Комисија за увид и оцена на судија-кандидат за претседател на Основен суд Битола на апелационо подрачје Битола во состав:

Претседател на Комисијата

-Беким Мехмеди (судија на Апелациониот суд Гостивар);

Членови на Комисијата

-Татјана Сусулеска (судија на Апелациониот суд Битола);

-Ружица Ивановска (судија на Апелациониот суд Битола);

-Маја Маркова (судија на Апелациониот суд Скопје);

-Мирјанка Гоцевска Стефановска (судија на Апелациониот суд Штип);

Заменик претседателот на Советот **Селим Адеми** понатаму наведе дека согласно чл.2 од Правилникот за формирање и работење на Комисиите на Судскиот совет на Република Северна Македонија за редовно и вонредно оценување бр.01-548/1 од 30.03.2022 година, потребно е да се формира и Комисија за оценување на работата на кандидати за претседатели на Апелациониот суд Штип, Апелациониот суд Скопје и Основниот суд Битола од редот на членовите на Судскиот совет.

По спроведеното ждребање се донесе следното:

РЕШЕНИЕ

СЕ ФОРМИРА Комисија за оценување на работата на кандидати за претседатели на Апелационен суд Скопје, на Апелационен суд Штип и на Основен суд Битола, во состав од:

м-р Миљазим Мустафа – претседател на Комисијата (член на Судскиот совет);

Мирјана Радевска Стефкова – член на Комисијата (член на Судскиот совет);

Мирсад Суроји– член на Комисијата (член на Судскиот совет).

**Точка 5**

**Усвојување на Предлог оценки на кандидати за претседател на Основен суд Куманово**

По 5 -та точка од дневниот ред заменик претседателот на Советот **Селим Адеми** му даде збор на претседателот на Комисијата членот на Советот Ханиф Зендели.

Членот на Советот **Ханиф Зендели** наведе дека по завршувањето на целокупната постапка, како и по сумирањето на бодовите од квалитативните критериуми и квантитативните критериуми за оценување на работата на кандидатите за судии и претседатели на судовите, каде Комисијата ги предлага следните оценки:

Судија Снежана Манев оценета за работата како судија за 2019 година добива 155 бода, за 2020 година добива 160 бода , и за 2021 година добива 160 бода или средна оценка од 158, 33 бода за судија.

Судија Снежана Манев оценета за работата како претседател за 2019 година добил 140 бода, за 2020 година добил 140 бода, за 2020 година добил 140 бода односно 140 бода како претседатаел на суд.

Од збирот на оцените за работата како судија и како претседател добива вкупно 200 бода и крајна оценка е позитивна.

За судија Јусуф Ајрулахи оценет како судија за 2019 година добил 200 бода, за 2020 година добил 160 бода и за 2021 година добил 190,57 бода или средна оценка од 186,19 бода и крајна оценка е позитивна .

Заменик претседателот на Совет Селим Адеми отвори расправа и откако никој не се јави за збор, предлогот на Комисијата ги стави на гласање.

По гласањето се констатира дека едногласно, со 11 гласа „За" и ниту еден глас „Против" усвоен е Извешајот на Комисијата за судија Снежана Манев со позитивна оцена за 200 бода и судија Јусуф Ајрулахи со позитивна оцена за 186,19 бода.

**Точка 6**

**Разгледување на Извештај на Комисијата за рангирање на кандидати за избор на судии во повисок суд по изјавени жалби по Предлог ранг листа на кандидати за избор на двајца судии на Апелационен суд Гостивар за кривична област**

Заменик претседателот на Советот **Селим Адеми** го презентираше Извештајот на Комисијата за рангирање на кандидати за избор на судија во повисок суд при Судскиот совет на РСМ до која по изготвената Предлог ранг -листа на кандидати за избор на двајца судии на Апелационен суд Гостивар за кривична област по огласот објавен во "Службен весник на РСМ" бр.154/21 поднесени се жалби од 4 кандидати и тоа: Емине Мурати судија на Основен суд Гостивар, Даут Рустеми судија на Основен суд Гостивар, Бетим Јахја судија на Основен суд Тетово и Александар Милошески судија на Основен кривичен суд Скопје.

Понатаму наведе дека во материјалите за седница ги има пријавите на кандидатите по огласот, записникот на Комисијата, Предлог ранг листата и образецот за оценување на кандидатите.

Комисијата за рангирање на кандидати за избор на судија во повисок суд при Судскиот совет на РСМ по разгледување на поднесените жалби и по однос на наводите во истите го предлага следното:

1.По жалбата изјавена од Емине Мурати судија на Основен суд Гостивар заведена во Советот под бр.09-34/3 од 17.01.2023 година поради погрешно утврдена фактичка состојба од страна на Комисијата при оценувањето по основ на критериумот –"Работа во специјализиран судски оддел" каде има добиено 4, 5 поени од вкупно 10 поени Комисијата му предлага на Советот да се одбие жалбата како неоснована. Ова од причина што во пријавата на судијата бр.09-1120/2021-29 од 20.07.2021 година поднесена до Судскиот совет по огласот објавен на 08. 07.2021 година судијата навела дека до денот на пријавување на огласот има 8 години и 6 месеци работа како судија во специјализирана кривична материја. па Комисијата согласно на членот 4 став 3 од правилникот, правилно и додели 4,5 поени .

Заменик претседателот на Совет Селим Адеми отвори расправа и откако никој не се јави за збор , предлогот го стави на гласање.

По гласањето се констатира дека едногласно, со 11 гласа „За" и ниту еден глас „Против", жалбата на Емине Мурати судија на Основен суд Гостивар се одбива како неоснована.

2. По жалба изјавена од Даут Рустеми судија на Основен суд Гостивар заведена под бр.09-34/5 од 17.01.2023 година за сторени повреди на член 4,5,6,7,8 и 9 вв член 3 и 12 од

Правилникот за начинот на рангирање на кандидатите за избор на судија во повисок суд, Комисијата предлага делумно да се усвои.

Имено, според судијата Комисијата за рангирање на кандидати за избор на судија во повисок суд сторила повреда на член 4 став 3 од Правилникот за Работа во специјализиран судски оддел кога добил само 5 поени. Комисијата предлага да се одбие како неоснован од причина што Комисијата го вреднувала врз основа на пријавата за избор на судија заведена во Советот под бр. 09-1120/21-69 од 23.07.2021година доставена по огласот за избор на 2 судии во Апелациониот суд Гостивар за кривична област објавен во „Службен весник на РСМ“ бр.154/21 од 08.07.2021 година каде самиот за работно искуство во соодветната област навел дека има 10 години, додека во доставената кратка биографија -движење во кариера судијата навел дека во перидот од 20.08.2008 година до месец март 2009 година работел како судија во вонпарнично одделение, од март 2009 до 2011 година како судија во граганско одделение, а од месец октомври 2011година како судија на кривичниот оддел каде сеуште работи. Доставената Потврда издадена од Претседателот на Основен суд Гостивар Мат бр.152-II од 16.01.2023 година кон жалбата дека судијата работи 14 години и 7 месеци во соодветната област, не може да бидат основа за донесување на поинаква одлука, од причина што Комисијата се раководела од податоците кои ги доствил судијата кон пријавата на огласот и со кои располагала во постапката на рангирање..

Жалбениот навод на судијата за доделени 19.7 поени од Комисијата за Оценка во работата бидејќи истиот требал да добие 19.75 поени, Комисијата предлага да се прифати.

Жалбениот навод дека Комисијата сторила повреда на член 6 од правилникот кога за Способност за писмено изразување му се доделени 4,5 поени од можни 5 поени, предвид неговиот ангажман во изработени писмени пресуди. Комисијата предлага да се одбие. Ова од причина што за способноста за писмено изразување што се утврдува преку изготвени одлуки согласно членот 6 став 3 од правилникот за кој судијата е вреднува со 4,5 поени , Комисијата врз основа на две одлуки избрани по случен избор од предмети во АКМИС системот, правилно го ценела писмениот израз со преоцена на краткото, но комплетно резиме на релевантните факти и разликување на неспорни и спорни факти, цитат на правната основа и елементи на правната норма и проценка на докази, разбирливост на правното образложение, научен јазик и логика и разбирливоста на аргументацијата за професионалците и за граѓаните.

Жалбениот навод за повреда на членот 7 од правилникот по однос на Дополнителна работа за која е вреднуван од можни 5 со 4.5 поени е неоснован, бидејќи судијата е вреднуван со 4.9 поени, а не со 4.5 поени како во жалбениот навод.

Основан е жалбениот навод по однос на Менторство и едукација каде Комисијата од можни 2 го вреднувала со 0 поени за кој судијата наведува дека тоа е видно од податоците за ангажман во Академијата за судии и јавни обвинители Скопје од кои може да се утврди дека освен во почетна обука од 5-та генерација каде бил ментор, учествувал и бил ментор и едукатор на слушатели од 6-та и 7-ма генерација на Академијата, и за тоа според член 8 од правилникот треба да се вреднува со 2 поени, за што доставува дополнителна потврда од Академијата за судии и јавни обвинители бр.03-22/3 од 16.01.2023година .Комисијата при вреднување на судијата по овој критериум се раководела од податоците за ангажман во Академијата за судии и јавни обвинители Скопје од 09.11.2020 година каде во податоците за менторство е наведено дека бил на листата на ментори на 5-та генерција за кој критериум согласно на член 8 став 2 алинеја 2 од правилникот, судијата добил 1 поен. Видно од податоците за ангажман во Академијата за судии и јавни обвинители Скопје од 16.01.2023година во делот на континуирана обука и ангажман како ментор е наведено дека судијата бил ментор на кандидатите од 5-та, 6-та и 7-ма генерација на слушатели на Академијата, па Комисијата предлага дека согласно членот 8 став 2 од правилникот судијата треба да се вреднува со 2 поени.

Жалбениот навод по однос на Судскиот стаж за кој Комисијата го вреднувала со 13 поени, а од доставената потврда од Претседателот на Основен суд Гостивар Мат бр.152-II од

16.01.2023 година,  дека судијата има стаж од 14 години и 7 месеци. Комисисата предлага да се одбие како неоснован затоа што на денот на објавениот оглас имал 13 години судиски стаж..

Заменик претседателот на Советот **Селим Адеми** отвори расправа по предлозите на Комисијата.

*Заменик претседателот на Совет Селим Адеми констатира дека на седницата повторно е присутен претседателот на Советот Весна Дамева, кој ќе ја води седницата.*

За збор се јави членот на Советот **Ханиф Зендели** кој по жалбата изјавена од  Даут Рустеми судија на Основен суд Гостивар   предложи:

-По однос на членот 4 став 3 од правилникот, судијата за Работа во специјализиран судски оддел треба да се вреднува со 6,75 согласно приложената потврда од претседателот на Основен суд Гостивар дека има 13 години и 3 месеци  работа во специјализиран оддел .

-По однос на оценката на Комисијата согласно на член 6 од правилникот кога за Способност за писмено изразување му се доделени 4,5 поени треба да се вреднува со 5 поени.

-За Дополнителна работа за која судијата е вреднуван  со 4.9 поени предложи да добие 5 поени ,и

-По основ на судиски стаж за  13 години и 3 месеци предлага да добие 13,3 поени .

За збор се јави членот на Советот **Миљазим  Мустафа** дека е согласен  со предлогот на членот на Советот Ханиф Зендели , а по него со предлогот се согласи и членот на Советот **Мирсад Суроји** .

По расправата претседателот на Советот **Весна Дасмева** ги стави на гласање предлозите на членот на Советот  Ханиф Зендели .

По гласањето се констатира дека со 5 гласа "За"  и 7 гласа  "Против" предлозите не се усвоени.

Претседателот на Советот **Весна Дасмева** го стави на гласање предлогот на Комисијата по жалбата изјавена од Даут Рустеми .

По гласањето се констатира дека со 9  гласа "За"  и 3 гласа  "Против" предлогот на Комисијата е усвоен и жалбата на Даут Рустеми судија на Основен суд Гостивар изјавена против Предлог ранг-листа на кандидати за избор на 2 (двајца) судии на Апелационен суд Гостивар, за кривична област бр.09-34/2 од 05.01.2023 година, делумно се усвојува.

3. По жалба изјавена од Бетим Јахја судија на Основен суд Тетово заведена под бр.09-34/6 од 17.01.2023 година, Комисијата предложи :

Неоснован е жалбениот навод на судијата дека Комисијата за рангирање на кандидати за избор на судија во повисок суд при неговото вреднување од можни 5 поени спротивно на член 4 став 2 од Правилникот не го вреднувала со ниту еден поен за неговиот ангажман во изготвување на образовни материјали за Академијата за судии и јавни обвинители,  што според судијата се потврдува со дополнително прибавен преглед на ангажманот од Академијата за судии и јавни обвинители од 16.01.2023година.Комисијата  во постапката на рангирање ангажманот на судија во Академијата за судии и јавни обвинители го вреднувала согласно доставени од судијата податоци од Академијата за судии и јавни обвинители од 14.11.2022 година каде се дадени  податоци дека за реализирани предавања судијата има подготвено работен материјал.

Од увид во дополнително доставениот Преглед на ангажманот од Академијата за судии и јавни обвинители од 16.01.2023 година кон жалбата се утврди дека Академијата потврдува да судијата за реализирани предавања има подготвено работен материјал, но  предвид одредбата од член 4 став 2 алинеја 3 од правилникот Комисијата наоѓа дека од страна на судијата нема доставен  доказ за изработен материјал кој би бил вреднуван .

Неоснован е жалбениот навод на судијата по однос на познавање на англиски јазик каде истакнува дека има Ц1 ниво на познавање на англиски јазик и кое го потврдува со дополнително поднесување на сертификат од понов датум издаден од 24.10.2018 година од RIT Kosovo  од претходно доставениот сертификат, како и тоа дека и исто така ова го потврдува и со објавен

научен труд во меѓународно научно списание кое може да се провери на посочената во жалбата веб-адреса. Комисијата познавањето на англиски јазик за ниво Б, го вреднува согласно на членот 4 став 2 алиеја 4 од правилникот а врз основа на доставена потврда за познавање на англиски јазик АПТИС од 16.10.2015 година во прилог на пријавата за избор на судијата бр. 09-1120/21-73 од 23.02.2021година . Како што и самиот судија наведува во жалбата дека сертификатот за познавање на јазик за Ц ниво не го доставил кон пријавата на огласот како доказ за познавање на јазик на ова ниво а го доставува кон жалбата, Комисијата во постапката на рангирање се раководела од доставената документација кон пријавата на огласот. Во однос на дополнително доставениот сертификат за познавање на јазик како доказ за познавање на ниво Ц, истиот е ненавремен.

Жалбениот навод за познавање на компјутерски вештини за кој кандидатот не добил поен од Комисијата, иако како наведува судијата завршил Академија за судии и јавни обвинители, е неоснован согласно член 4 став 2 алинеја 5 од правилникот, каде кандидатот за компјутерски тест добива 1 поен, но судијата не доставил доказ за познавање на практична работа со компјутери .

Неоснован е жалбениот навод на судијата дека за Работа во специјализиран судски оддел треба се вреднува со 7 поени поради тоа што 13 години работи како судија во специјализиран Кривичен оддел во Основен суд Тетово. Комисијата при вреднувањето на судијата се раководела од податоците со кои располагала во постапката на рангирање и за Работа во потребното поле на специјализација или специјализиран судски оддел го вреднувала со 5,5 поени, а врз основа на пријавата за избор на судија заведена во Советот под бр. 09-1120/21-73 од 23.07.2021 година доставена по огласот за избор на 2 судии во Апелациониот суд Гостивар за кривична област објавен во „Службен весник на РСМ“ бр.154/21 од 08.07.2021 година каде самиот за работно искуство во соодветната област наведува дека има 11 години и 10 месеци.

Жалбениот навод дека по однос на Усното и писмено изразување Комисијата погрешила кога му доделела 1 поен од можни 2 поени е неоснован бидејќи членот 6 став 2 од правилникот Комисијата врз основа на непосредно присуство на расправа или прибавени 5 предмети од одржани расправи или врз основа на записници и извешатаи претходно изготвени од страна на Советот ја оценува комуникација на судијата со учесниците во постапката и за ова доделува до 2 поени. Во однос на способноста за писмено изразување што се утврдува преку изготвени одлуки согласно членот 6 став 3 од правилникот , Комисијата врз основа на две одлуки избрани по случен избор од предмети во АКМИС системот, правилно го ценела писмениот израз со преоцена на краткото, но комплетно резиме на релевантните факти и разликување на неспорни и спорни факти, цитат на правната основа и елементи на правната норма и проценка на докази, разбирливост на правното образложение, научен јазик и логика и разбирливоста на аргументацијата за професионалците и за граѓаните.

Основан е жалбениот навод на судијата по однос на Менторство и едукација каде Комисијата од можни 5 го вреднувала со 4 поени. Судијата истакнува дека Комисијата требала да го вреднува неговиот ангажман во Академијата и како обучувачи учество во изработка на материјали. Од увид во податоците за ангажман на Академијата за судии и јавни обвинители од 16.01.2023година судијата бил ментор на кандидатите од 7-ма генерација на слушатели на Академијата,ангажман на обуки како предавач 2017-2022 и обуки на обучувачи, ангажман како предавач во почетната обука и за потребите на обуката, а почнувајќи од 6-та генерација до денес има ангажман и во изработка на испитни прашања и студии за случај, како и материјал за реализирани предавања. Предвид наведеното, за одржани повеќе од 10 обуки во последните 5 години и изработени издадени трудови и материјали за обука судијата треба да се вреднува со 5 поени согласно членот 8 став 2 од правилникот.

За останатите жалбени наводи по однос на составот на Комисијата за рангирање на кандидати за избор на судија во повисок суд, истите не можат да бидат основа за донесување на поинаква одлука.

По предлогот на Комисијата претседателот на Советот **Весна Дамева** отвори расправа.

За збор се јави членот на Советот **Мирсад Сурои** кој предложи да се усвои жалбениот навод на судијата дека треба да с евреднува неговиот ангажман во изготвување на образовни материјали за Академијата за судии и јавни обвинители согласно на член 4 став 2 од Правилникот .

Претседателот на Советот **Весна Дасмева** го стави на гласање предлогот .По гласањето се констатира дека со 6 гласа "За" и 6 гласа "Против" предлогот не е усвоен .

Понатаму членот на Советот **Мирсад Сурои** предложи да се прифати жалбениот навод на судијата за познавање на англиски јазик каде истакнува дека има Ц1 ниво на познавање на англиски јазик и за тоа да добие 15 поени.

Претседателот на Советот **Весна Дасмева** го стави на гласање предлогот .По гласањето се констатира дека со 3 гласа "За" и 9 гласа "Против" предлогот не е усвоен

Членот на Советот **Мирсад Сурои** предложи за работа на компјутери судијата да добие 1 поен затоа што судијата завршил Академија за судии и јавни обвинители каде мора да има познавање на компјутерски вештини, .

Претседателот на Советот **Весна Дасмева** го стави на гласање предлогот .По гласањето се констатира дека со 4 гласа "За" и 8 гласа "Против" предлогот не е усвоен.

Претседателот на Советот **Весна Дасмева** го стави на гласање предлогот на Комисијата.

По гласањето се констатира дека со 10 гласа "За" и 2 гласа "Против" се усвојува предлогот на Комисијата и жалбата на Бетим Јахја судија на Основен суд Тетово изјавена против Предлог ранг-листа на кандидати за избор на 2 (двајца) судии на Апелационен суд Гостивар, за кривична област бр.09-34/2 од 05.01.2023 година, делумно се усвојува.

4.По жалбата од Александар Милошески судија на Основен кривичен суд Скопје, заведена под бр.09-34/7 од 20.01.2023 година., Комисијата предложи:

Неоснован е жалбениот навод на судијата дека за Објавени стручни трудови Комисијата погрешила кога не го вреднувала со ниту еден поен предвид да има доставено известување со податоци дека учествувал во изработка на Прирачник на тема -Закон за извршување на санкциите -Предизвици, практични проблеми и решенија финансиран од Мисијата на ОБСЕ во РСМ. Ова од причина што во увид во дополнително доставените материјали кон жалбата, судијата има склучено Договор за учество во изготвување на овој прирачник склучен на ден 12.09.2022 година но како и самиот наведува се работи за материјал кој е во подготовка и ќе биде објавен. Согласно член 4 став 2 алинеја 2 од правилникот кандидатот се вреднува за објавени стручни трудови со научна содржина за правно теми максиуми 5 поени, по една десетина поен за секоја публикација до 10 страници, 2 поени за учество во научни коментари или книга ISBN објавени во последните 10 години.

Неоснован е жалбениот навод на судијата дека Комисијата по однос на неговиот ангажман во изготвување на материјали како предавач за почетна обука не го вреднувала со ниту еден поен што е спротивно на член 4 став 2 алинеја 3 од правилникот, а со оглед да од негова страна е доставен доказ известување со податоци од Академијата зат судии и јавни обвинители дека доставил материјали како предавач за почетна обука на 7-та генерација и за континуирана обука на судии и јавни обвинители во Академијата.

Од увид во доставениот Преглед на ангажманот од Академијата за судии и јавни обвинители од 18.07.2022 година кон жалбата се утврди дека Академијата потврдува да судијата за реализирани предавања има подготвено работен материјал, но судијата нема доставен доказ за изработен материјал кој предвид одредбата од член 4 став 2 алинеја 3 од правилникот би бил вреднуван .

Неоснован е жалбениот навод на судијата дека за Работа во специјализиран судски оддел треба се вреднува со 4,5 поени поради тоа што 9 години работи како судија во специјализирана кривична материја и тоа Оддел за прекршоци, Оддел за извршување на санкции и Кривичен оддел . Комисијата при вреднувањето на судијата се раководела од податоците со кои располагала во постапката на рангирање и за Работа во потребното поле на специјализација или специјализиран судски оддел го вреднувала со 3,5 поени согласно член 4 став 3 од правилникот, а врз основа на пријавата за избор на судија заведена во Советот под бр. 09-1120/21-56 од 21.07.2021 година доставена по огласот за избор на 2 судии во Апелациониот суд Гостивар за кривична област објавен во „Службен весник на РСМ" бр.154/21 од 08.07.2021 година каде самиот за работно искуство во соодветната област наведува дека има 7 години и 5 месеци.

По однос на предлогот на Комиисјата да се одбие жалбениот навод дека Комисијата погрешила кога му е доделен 0,1 поен за усно изразување., за збор се јави членот на Советот **Ивица Николовски** со предлог за усното изразување предвид доствениот дополнително кон жалбата Записник од извршени посети и наздор на КПУ Затворот Скопје и КПУ Идризово Скопје во 2022 година, кој Комисијата го немала предвид при усното оценување на судијата, а согласно член 6 став 2 од правилникот каде Комисијата врз основа на непосредно присуство на расправа или прибавени 5 предмети од одржани расправи или врз основа на записници и извештаи претходно изготвени од страна на Советот, ја оценува комуникација на судијата со учесниците во постапката, на судијата да му бидат доделени 2 поени.

Претседателот на Советот **Весна Дасмева** го стави на гласање предлогот .По гласањето се констатира дека со 7 гласа "За" и 5 гласа "Против" се усвои предлогот на членот на советот Ивица Николовски со кој судијата за усно изразување добива 2 поени.

Во однос на жалбениот навод на судијата за способноста за писмено изразување што се утврдува преку изготвени одлуки согласно членот 6 став 3 од правилникот , Комисијата врз основа на две одлуки избрани по случен избор од предмети во АКМИС системот, го ценела писмениот израз со преоцена на краткото, но комплетно резиме на релевантните факти и разликување на неспорни и спорни факти, цитат на правната основа и елементи на правната норма и проценка на докази, разбирливост на правното образложение, научен јазик и логика и разбирливоста на аргументацијата за професионалците и за граѓаните, а со оглед да секое решение кое ги исполнува овие барања носи максимум 1 поен, Комисијата предлага судијата по овој основ да добие 2 поени наместо доделениот 1 поен..

Неоснован е жалбениот навод на судијата по однос на Менторство и едукација, дека Комисијата не му доделила поен за пријава за менторство и едукација, бидејќи од 2022 година со одлука на Управен одбор се пријавил на листа на предавачи на Академијата за судии и јавни обвинители . Видно од известувањето за податоците за ангажман во Академијата за судии и јавни обвинители од 18.07.2022година судијата бил ментор на кандидатите од 7-ма генерација на слушатели на Академијата и врз основа на овие податоци па Комисијата на судијата за работа како ментор и едукатор согласно на член 8 став 2 од правилникот му доделила 2 поени.

Претседателот на Советот **Весна Дасмева** го стави на гласање предлогот на Комисијата.

По гласањето се констатира дека со 11 гласа "За" и ниту еден глас "Против" се усвојува предлогот на Комисијата и жалбата на Александар Милошески судија на Основен кривичен суд Скопје изјавена против Предлог ранг-листа на кандидати за избор на 2 (двајца) судии на Апелационен суд Гостивар, за кривична област бр.09-34/2 од 05.01.2023 година, делумно се усвојува .

Претседателот на Советот **Весна Дамева** предложи да се премине на 10-та точка од дневниот ред со оглед да е присутна јавност по претставката УПП 08 -440/22.

**Точка 10**

**Расправа по претставките и поплаките од граѓаните и правните лица за работата на судиите, претседателите на судовите и судовите, поднесени до Судскиот совет на Република Северна Македонија**

Претседателот на Советот **Весна Дамева** со оглед да е присутна сопругата на подносителот на претставка Ленче Цветкова од Скопје која наведе дека има нотарско заверено полномошно од сопругот Димитар Цветков како подносител на претставката УПП бр.08-440/22 по која известител е судијата Зоран Герасимовски во интерес на странката да се реферира оваа преставка. му даде збор на членот на Советот **Зоран Герасимовски** во својство на известител да пристапи кон реферирање на претставката.

Известителот ја изложи претставката.

Претседателот на Советот **Весна Дамева** отвори расправа по излагањето на известителот и по расправата, ги стави на гласање предлогот на известителот по изложената претставка.

По гласањето констатира дека едногласно, со 11 гласа „За“ и ниту еден глас „Против“ е донесена следната:

О Д Л У К А

Претставка УПП.бр.08-440/2022 каде се изразува незадоволство од работата на Управниот суд Скопје по предметот У-2.бр.286/2017, Советот најде дека веќе му е одговрено со известување УПП.бр.08-246/1 од 04.10.2022 година, а од одржната седница на Советот од 27.09.2022 година. Бидејќи во оваа нова претставка од 14.12.2022 година и нејзините дополненија од 03.01.2023 година и од 18.01.2023 година подносителот не наведува нови факти и околности кои не биле познати во претходното постапување, во смисла на член 11 од Законот за постапување по претставки и предлози (“Сл. весник на РМ”бр.82 од 8 јули 2008 год.), Советот на подносителот му укажува дека постапувањето од страна на Судскиот совет на Република Северна Македонија нема да се повтори.

Претседателот на Советот **Весна Дамева** по исцрпување на оваа точка даде пауза во траење од 5 минути.

По паузата се премина кон 7 –та точка од дневниот ред.

**Точка 7**

**Информација по податоци и Функционални анализи во врска со времено упатување на судии за вршење на судиска функција во друг суд**

По 7-та точка од дневниот ред претседателот на Советот **Весна Дамева** наведе дека во прилог кон материјалите за денешната седница доставени се табеларни прегледи по претходно направени анализи за можноста и потребата за времено упатување на судии за вршење на судиската функција во друг суд и тоа според број на судиски места, број на судии наспрема број на жители, број на предмети и предвидена ориентациона норма, разгледани беа функционалните анализи на судовите и капацитетите на судството, како и план за подобрување на функционирањето на судовите. На работен колегиум биле детектирани кај дел од судовите каде е интервентно делегирање и таа констатација се однесува на Основен суд Прилеп, Основен суд Тетово и Основен суд Струга.

Претседателот на Советот **Весна Дамева** отвори расправа.

За збор се јави член на Советот **Мирјана Радевска Стефкова** во однос на донесениот заклучок од работниот состанок со кој се задолжува државниот советник Зоран Тапчановски да изготви нова табела во однос на број на предмети и број на судии како табелата приложена во материјалот а е со постари податоци.

По однос на задолжувањето до државниот советник Зоран Тапчановски се констатира дека податоците од 4 квартал од страна на судовите не се заклучени, се задолжува Зоран Тапчановски да ги изготви податоците најдоцна до 10.02.2023 година, а до судовите кои сеуште не доставиле податоци да се достави ургенција за нивно постапување до 05.02.2023година

Претседателот на Советот **Весна Дамева** наведе дека во однос на донесените заклучоци од седница на Судскиот совет мора да се постапува, а доколку неможе да се постапи по истите оној кој е задолжен со заклучокот да поднесе писмен извештај до генералниот секретар со образложени причини за непостапување.

Во однос на наведеното членот на Советот **Мери Радевска** укажа дека нема пропишано процедура што во случај на секое задоцнување и какви да се превземат мерки.

Од страна на ВД Генералниот секретар **Весна Толева** беше информирано дека веќе е доставено циркуларно писмо до судовите, по што се даде задолжување до ВД Генералниот секретар до судовите кои сеуште не го заклучиле податоци да се достави ургенција за нивно постапување веднаш.

За збор се јави членот на Советот **Мирјана Радевска Стефкова** која како координатор на Основен суд Гостивар ги запозна членовите дека во комуникација со претседателот на овој суд дали некој доброволно се јавува д а ја врши оваа финкција во Основен суд Тетово со оглед да има судии со место живеење во Тетово добиен е одговор дека никој не се пријавил доброволно д а ја врши функцијата во Основен суд Тетово. Според состојбата во Основен суд Тетово Судскиот совет во делегирањето да се води со некој од судиите со место на живеење во Основен суд Гостивар како наједноставен и со најмалку трошоци начин, и со оглед да на Основен суд Тетово му треба судија од граѓанска област ја предложи судијата Теодора Ефтимовска .

Претседателот на Советот **Весна Дамева** го стави на гласање предлогот.

По гласањето, се констатира дека едногласно со 12 гласа "За" и ниту еден "Против" се донесе одлука со која Теодора Ефтимовска Бојковска, судија на Основниот суд Гостивар, времено се упатува за вршење на судиската функција во Основниот суд Тетово, сметано од 01.02.2023 година, за период од 1 (една) година од денот на упатувањето.

По однос на делегирањето во Основен суд Прилеп а со оглед да коррдинаторот на Основен суд Ресен , Лорета Георгиева член на Советот е отсутна , во однос на делегирањето на седницата се произнесе членот на Советот **Сашко Георгиев** како поранешниот координатор на Основен суд Ресен и предложи тоа да биде судијата Валентина Крстиновска кој работи кривична материја .

Претседателот на Советот **Весна Дамева** го стави на гласање предлогот. По гласањето, се констатира дека едногласно со 12 гласа "За" и ниту еден "Против" се донесе одлука Виолета Крстиновска, судија на Основниот суд Ресен, времено се упатува за вршење на судиската функција во Основниот суд Прилеп, сметано од 01.02.2023 година, за период од 1 (една) година од денот на упатувањето.

По однос на делегирањето во Основен суд Струга членот на Советот **Павлина Црвенковска** како координаторот на Основен суд Охрид изнесе дека по обавен разговор со претседателот на судот нема повратен одговор дали некој судија доброволни би ја вршел судиската функција во Основен суд Струга па со оглед да во Основен суд Охрид има судија кривичар кој е со место на живеење во Струга предложи тоа да биде Винца Вулнет судија на Основен суд Охрид.

Претседателот на Советот **Весна Дамева** го стави на гласање предлогот.

По гласањето, се констатира дека едногласно со 12 гласа "За" и ниту еден "Против" се донесе одлука со која Вулнет Винца, судија на Основниот суд Охрид, времено се упатува за вршење на судиската функција во Основниот суд Струга, сметано од 01.02.2023 година, за период од 1 (една) година од денот на упатувањето.

*Претседателот на советот Весна Дамева констатира дека членот на Советот Сашко Георгиев ја напушти седницата од оправдани причини*.

**Точка 8**
**Разгледување на Насоки за толкување и имплементација на начелата содржани во Етичкиот кодекс за членовите на Судскиот совет на Република Северна Македонија**

По однос на 8-та точка претседателот на Советот **Весна Дамева** наведе дека од страна на членот на Советот Миљазим Мустафа доставени се како материјал " Насоки за толкување и имплементација на начелата содржани во Етичкиот кодекс за членовите на Судскиот совет на Република Северна Македонија" кои се изготвени од страна на експертот ангажиран во рамките на проектот МАТРА во координација со Судскиот совет , а во кои се содржани цел и опфат на кодексот, содржани се начелата и нивното толкување.

По однос на изнесеното му даде збор на членот на Советот **Миљазим Мустафа** кој наведе дека овие насоки се разгледани на претходен колегиум , даваат објаснување за примена на Етичкиот кодекс за членовите на Судскиот совет кои се во согласност со Законот за Судскиот совет..

Во однос на доставените писмени предлози и забелешки од страна на претседателот на Врховниот суд Беса Адеми за збор се јави заменик претседателот на Советот **Селим Адеми** кој наведе дека Етичкиот кодекс Советот го донесе пред 3 месеци а доставените предлози како материјал за денешната седница се задоцнети.

Претседателот на Советот **Весна Дамева** наведе дека секоја забелешка од страна на претседателот на Врховниот суд Беса Адеми е добредојдена по однос на Етичкиот кодекс а со оглед да Етичкиот кодекс за членовите на Судскиот совет е веќе донесен , овие забелешки предвид да во рамките на проектот Матра ќе се организираат обуки, конференции, тркалезни маси на кои претседателот на Врховниот суд директно ќе може да придонесе за Етичкиот кодекс и примена на начелата .

Претседателот на Советот **Весна Дамева** ги стави на гласање предложените "Насоки за толкување и имплементација на начелата содржани во Етичкиот кодекс.".

По гласањето, се констатира дека едногласно со 10 гласа "За" и ниту еден "Против" се донесе следната

О Д Л У К А

СЕ УСВОЈУВААТ Насоките за толкување и имплементација на начелата содржани во Етичкиот кодекс за членовите на Судскиот совет на РСМ.

**Точка 9**
**Донесување на Одлука за усвојување на Годишен план за јавни набавки за 2023 година**

По 9-та точка претседателот на Советот **Весна Дамева** наведе дека согласно член 75 од Законот за јавните набавки ("Службен весник на РМ" бр.24/2019) врз основа на утврдените извори за финасирање, договорниот орган донесува план за своите вкупни потреби за набавки во тековната година по видови на стоки, услуги и работи според Општиот поимник за јавни набавки, со кој го определува и очекуваниот почеток на постапката, проценетата вредност на договорот и видот на постапката за доделување на договорот. Вкупните потреби ги вклучуваат и потребите што се реализираат како групна набавка или преку централно тело за набавки. Договорниот орган го донесува планот од ставот (1) на овој член до крајот на месец Јануари од тековната година.

Согласно изложеното се предлага Годишен план за јавни набавки за 2023 година и тоа по однос на договор за јавни набавки на стока и договор за јавни набавки на услуги, во кој е

наведен предмет на договорот, шифра, очекуван почеток, проценета вредност и вид на постапка.

Претседателот на Советот **Весна Дамева** отвори расправа и по расправата од која не произлезе друг предлог го стави на гласање предлог Годишниот план за јавни набавки.

За збор се јави членот на Советот **Мери Радевска** и наведе дека овие се само основни секојдневни потреби но недостасува планирање на јавни набавки со столици за седење, лаптопи, компјутери , стара е опремата и лоша пракаса е план да се носи со изоставување на нужни работи

За збор се јави Претседателот на Советот **Весна Дамева** која наведе дека се чекаше на Буџетот за јавни инвестиции. Предложениот Годишен план е во смисла на ориентација како би се движеле а во однос на предлогот на членот на Советот Мери Радевска наведе дека се одобрени средства и тоа е во Буџетот за капитални инвестиции.

По гласањето едногласно со 10 гласа "За" и ниту еден "Против" се констатира дека е донесена следната

О Д Л У К А

1.Се усвојува Годишниот план за јавни набавки на Судскиот совет на Република Северна Македонија за 2023 година.

2.Оваа одлука влегува во сила со денот на донесувањето.

3.Составен дел на оваа одлука претставува Годишниот план за јавни набавки на Судскиот совет на Република Северна Македонија за 2023 година.

По исцрпување на оваа точка од дневниот ред, претседателот на Советот **Весна Дамева** констатира дека 428-та седницата се прекинува во 16:55 часот поради обемност на истата и продолжува на 26.01.2023 година со почеток во 09 часот

***

Продолжението на 428-та седница се одржа на ден 26.01.2023 година со почеток во 09:30 часот во салата за седници во Судскиот совет.

Седницата ја води заменик претседателот на Советот **Селим Адеми** во отсуство на Престедателот на Советот Весна Дамева .

Присутни членови:

- **м-р Селим Адеми**, заменик претседател
- **Мирјана Радевска Стефкова**, член
- **Ханиф Зендели**, член
- **Мери Радевска**, член
- **Зоран Герасимовски**, член
- **Ивица Николовски**, член
- **Сашко Георгиев**, член
- **Мирсад Суроји**, член
- **м-р Тања Чачарова Илиевска**, член
- **м-р Миљазим Мустафа**, член

Отсутни членови:

- **Беса Адеми**, претседател на Врховен суд, урено поканет
- **д-р Никола Тупанчевски**, министер за правда, уредно поканет
- **Весна Дамева**, претседател , оправдано отсутен
- **Лорета Горгиева**, член, на боледување

Присутни од стручната служба:

- **Весна Толева**, ВД генерален секратар
- **м-р Вера Андрејчин**, советник
- **Јулијана Георгиевска**, државен советник

Седницата е отворена за јавноста и се констатира дека има присутво на медиумите и друга поширока јавност, и тоа:

- Преставник од Коалиција сите за правично судење

Се премина на 10- та точка од дневниот ред

**Точка 10**

**Расправа по претставките и поплаките од граѓаните и правните лица за работата на судиите, претседателите на судовите и судовите, поднесени до Судскиот совет на Република Северна Македонија**

**1**.Заменик претседателот на Советот **Селим Адеми** му даде збор на членот на Советот **МИРЈАНА РАДЕВСКА СТЕФКОВА** во својство на известител да пристапи кон реферирање на пријавените претставки.

Известителот ги изложи пријавените претставки.

Заменик претседателот на Советот Селим Адеми отвори расправа по излагањето на известителот и по расправата, ги стави на гласање предлозите на известителот по изложените претставки.

По гласањето констатира дека едногласно, со 9 гласа „За“ и ниту еден глас „Против“ е донесена следната

О Д Л У К А

Претставка УПП.бр.08-367/2022. во која подносителот изразува незадоволство од работата на Управниот суд Скопје по предметот У-3.бр.124/2021, во име на зинатересираните лица (подносители) “Елмар” АД Штип и “Роби Инженеринг” ДООЕЛ Штип. Судскиот совет на РСМ со допис од 27.12.2022 година се обрати до подносителот со цел да ја прецизира претставката на начин што конкретно ќе наведе дали е незадоволен од работата само од Управниот суд Скопје или Вишиот управен суд Скопје или пак од двата суда, како и конкретно за бројот на предметот односно предметите, а исто така да достави и полномошно дека е овластен од подносителите, со напомена по истото да постапи во рок од 8 дена, во спротивно претставката ќе се смета за повлечена. На ден 12.01.2023 година подносителот достави дополнување (прецизирање) на претставката, меѓутоа не достави полномошно дека е овластен од заинтересираните лица во управната постапка, во нивно име да поднесе претставка до Судскиот совет на РСМ. По наоѓање на Советот, бидејќи подносителот не постапи по дописот во предвидениот рок, претставката се смета за повлечена и е најсоодветно да се архивира.

Претставка УПП.бр.08-417/2022 во врска со предметот П2.бр.1265/20 на Основниот граѓански суд Скопје, подносителот наведува дека судијата не ја применила одредбата од член 131 став 2 од ЗПП односно судијата одбива да изврши достава на пресудата до тужената во Египет. Наведува дека истата е државјанин на РСМ иако живее во Египет, согласно член 2 од Законот за државјанство на РСМ. Оттука подносителот смета дека ниту еден орган не смее државјанин на РСМ да го третира како странски државјанин. Поради тоа подносителот смета дека судијата постапката била должна да ја води без одолжување, во разумен рок и со помалку трошоци. Наведува дека одредбите од ЗПП мора да бидат почитувани не само од странките, туку и од судиите. Од спроведените извиди, увидот во претставката и изјавата на судијата, Советот најде дека се работи за тужба за развод на брак, каде подносителот на претставката е тужител, а тужен е Сузан Зариф Мухамед Еид, со живеалиште во Египет, Република Каиро. Покрај развод на брак, со тужбата се барало и доверување на малолетното дете на мајката и

издржување по предлог на тужителот за плаќање издршка за детето. Доставата спрема тужената се вршела по дипломатски пат и се вршела уредно. Се работело за статусен спор каде тужената треба со сигурност да биде известена. Со оглед на тоа да подносителот-тужителот престојувал и работел во странство, по негово барање во текот на постапката судот земал изјава од него и од неговиот брат, при нивно доаѓање во РСМ, со цел утврдување на фактичката состојба. Тужбата била поднесена во декември 2020 година, а судот на 02.11.2022 година донел пресуда со која го усвоил неговото тужбено барање. Во текот на постапката подносителот-тужителот барал и изземање на судијата, претставка и поднел барање за судење во разумен рок до Врховниот суд на РСМ, кој пак со решение од 19.09.2022 година барањето го одбил како неосновано. Имајќи го предвид наведеното, судот постапката ја водел согласно законските рокови и доставата на писмена во текот на постапката и на пресудата до тужената била уредно извршена по дипломатски пат. Со оглед на тоа дека е донесена првостепена одлука, доколку подносителот е незадоволен, има право на жалба до второстепениот суд, па воедно наводите во претставката повисокиот суд ќе ги цени како жалбени наводи при одлучувањето. Согласно член 13 став 3 од Законот за судовите, Судскиот совет нема надлежност да ги испитува судските одлуки, односно судската одлука може да ја менува или укинува само надлежен суд во постапка пропишана со закон.

Претставка УПП.бр.08-466/2022 каде подносителот изразува незадовлство од работата на судија Наташа Мишева од Основен суд Велес по предметот П1.бр.35/19. Од увидот во претставката и прилозите на истата, Совето најде дека судијата Наташа Мишева од Основен суд Велес која постапувала по предметот П1.бр.35/19 е разрешена од страна на Судскиот совет на РСМ по поднесено барање за утврдување одговорност, а во врска со предметот П1.бр.35/19. Со оглед на тоа дека наведениот судија е разрешен од функцијата судија на Основен суд Велес од страна на Судскиот совет на РСМ, Советот утврди дека е најсоодветно претставката да се архивира со Службена белешка.

**2**. Заменик претседателот на Советот **Селим Адеми** му даде збор на членот на Советот **ХАНИФ ЗЕНДЕЛИ** во својство на известител да пристапи кон реферирање на пријавените претставки.

*Заменик претседателот на Советот Селим Адеми констатира дека членот на Советот Сашко Георгиев и членот на Советот Миљазим Мустафа се присутни на седницата.*

Известителот ги изложи пријавените претставки.

Заменик претседателот на Советот **Селим Адеми** отвори расправа по излагањето на известителот и по расправата, ги стави на гласање предлозите на известителот по изложените претставки.

По гласањето констатира дека едногласно, со 11 гласа „За" и ниту еден глас „Против" е донесена следната:

О Д Л У К А

Претставка УПП бр.08-411/1 се повлекува поради дополнителни извиди.

Претставка УПП бр.08-419/1 од 18.11.2022 година е поднесена поради незадоволство од постапувањето на Основниот суд Битола по предметот П4 – 72/20**.** Во таа насока **о**сновани се наводите од преставката дека судијата задоцнил со изготвување на одлуката. Имено, видно од апликацијата „Контрола на судови" произлегува дека предметот е завршен на главната расправа одржана на ден, а пресудата е изготвена на ден година. Од наведеното произлегува дека пресудата е изготвена ---подоцна од рокот предвиден во чл.--- од ЗПП според кој одлуките се изготвуваат во рок од 15 дена по завршување на главната расправа.Во таа смисла Судскиот совет на Република Северна Македонија, известува дека квалитетот на водење на судската постапка и квалитетот на ажурно постапување како квалитативни критериуми за судиското работење предвидени во чл.80 ст.1 алинеа 1 и 2 од Законот за Судскиот совет на Република

Северна Македонија, Советот ќе ги земе предвид при оценка на работата на судијата. По однос на останатите наводи наведени во преставката истите преставуваат жалбени наводи и можат да бидат ценети само од страна на повисокиот суд, во случајов Апелациониот суд Битола, кој согласно со одредбите од Законот за судовите, единствено може да ја менува или укинува првостепената одлука во постапка пропишана со закон.Во конкретниот случај се работи за сеуште активен предмет, од причини што сте го искористиле правото на контрола на донесената првостепена одлука со поднесување на жалба до второстепениот Апелационен суд Битола.Судскиот совет на Република Северна Македонија нема надлежност да се впушта во испитување, преиначување, менување, укинување или толкување на одлуките донесени од страна на судовите.

Претставка УПП. бр.08-459/1 преставката е поднесена поради незадоволство од постапувањето на Основниот суд Тетово по предметот П3 – 2/20. По направените извиди и извршениот увид во изјавата доставена од судијата кој постапува по предметот се констатира дека по предметот П3 – 2/20 од кој изразувате незадоволство најнапред постапувал судија од Основниот суд Тетово, кој е заминат во пензија. По неговото заминување во пензија предметот е распореден во работа на друг судија. Од страна на судијата кој е заминат во пензиија закажани се и одржани повеќе рочишта од што произлегува дека судијата постапувал по предметот согласно со Законот за парничната постапка, како претседател на советот правилно раководел со главната расправа и во континуитет превземал дејствија. По неговото заминување во пензија новоназначениот судија продолжил со превземање на дејствија согласно со одредбите од Законот за парничната постапка за која цел е закажана нова главна расправа за 02.03.2023 година. Наведеното упатува дека судијата не сторил повреда на законските одредби и од страна на Советот не се најдени елементи за нестручно и несовесно постапување по конкретниот предмет. По однос на наводите од преставката дека ниту стариот, ниту новоназначениот судија не се произнеле по предлогот за обезбедување на докази подносителот е известен дека од увидот во списите на предметот и изјавата на судијата произлегува дека ниту во списите на конкретниот предмет, ниту во попис на списи нема доказ дека од страна на подносителот на преставката е доставен таков вид поднесок - предлог за обезбедување. Воедно, Судскиот совет на Република Северна Македонија го извести подносителот дека нема надлежност да ги преиспитува судските одлуки. Судска одлука може да се менува или укинува само од страна на надлежен суд во постапка пропишана со закон. Со оглед на наведеното Советот најде дека претставката е неоснована.

Претставка УПП бр.08-446/22 по која констатира дека со Известување УПП.бр. 08-190/1 и УПП бр. 08-27/22 од 07.03.2022 година подносителот Веќе е известен по однос на наводите од преставката. Со оглед на околноста дека новата претставка во Советот заведена под УПП бр.08-446/1 од 21.11.2022 година се однесува на прашања на кои на подносителот веќе му е одговорено и во истата не се наведени нови факти и околности кои не биле познати при предходното постапување – предходната претставка, Советот во смисла на член 11 од Законот за постапување по претставки и предлози утврди дека нема основ за повторно постапување по преставката, заради што предметот се смета за завршен и истиот се архивира со службена белешка.

Претставка УПП бр.08-2/23 проследена на надлежност од страна на Министерството за правда констатира дека со Известување од областа на слободниот пристап до информациите од јавен карактер бр. 11-2075/4 од 21.12.2022 година подносителот Веќе е известен по однос на наводите од преставката. Со оглед на околноста дека новата претставка во Советот заведена под УПП бр.08-2/1 од 03.01.2023 година се однесува на прашања на кои на подносителот веќе му е одговорено и во истата не се наведени нови факти и околности кои не биле познати при предходното постапување – предходните претставки, Советот во смисла на член 11 од Законот за постапување по претставки и предлози утврди дека нема основ за постапување по

преставката, заради што предметот се смета за завршен и истиот се архивира со службена белешка.

3.Заменик претседателот на Советот **Селим Адеми** му даде збор на членот на Советот **ЗОРАН ГЕРАСИМОВСКИ** во својство на известител да пристапи кон реферирање на пријавените претставки.

Известителот ги изложи пријавените претставки.

Заменик претседателот на Советот **Селим Адеми** отвори расправа по излагањето на известителот и по расправата, ги стави на гласање предлозите на известителот по изложените претставки.

По гласањето констатира дека едногласно, со 10 гласа „За“ и ниту еден глас „Против“ е донесена следната:

О Д Л У К А

Претставка УПП.бр.08-352/2022 е неоснована од следните причини. Во претставката подносителот изразува незадоволство од постапувањето на Основниот суд Велес по предметот ПРК-С.бр.1988/21 и Апелациониот суд Скопје во смисла на тоа дека покрај изјавената жалба до второстепениот суд преку својот бранител и лично сте доставиле дополнување на жалбените наводи, пратено по пошта до Основниот суд Велес, а додатокот содржел и нови докази кои според Вас би довеле до поинаква одлука. Преклузивниот рок за жалбата бил 18.02.2022 година кога ја примил пресудата сметано 8 дена од следниот ден, што според него е навремено дополнување на жалбата. На 27.09.2022 годија ја примил пресудата на Апелациониот суд Скопје ПРКЖ.бр.503/22 од 29.06.2022 година со која  жалбата му била одбиена како неоснована и е потврдена пресудата на Основниот суд Велес ПРК-С.бр.1988/21 од 02.02.2020 година. Оттука подносителот смета дека поднесокот за дополнување на жалбата воопшто не бил земен во предвид. Од спроведените извиди, увидот во претставката, прилозите на истата и изјавата на судиите од првостепениот и второстепениот суд, Советот најде дека со донесувањето на пресудата на Апелациониот суд Скопје ПРКЖ.бр.503/22 од 29.06.2022 година Вашата е жалба е одбиена како неоснована и е потврдена пресудата на Основниот суд Велес ПРК-С.бр.1988/21 од 02.02.2020 година. Оттука е видно дека вие сте го искростиле правото на жалба и постапката е правосилно завршена. Со оглед на тоа дека наводите во претставката преставуваат и жалбени наводи, второстепениот суд ги имал предвид при одлучувањето. По однос на наводот во претставката дека поднесокот-дополнителните аргументи воопшто не биле земени во предвид од второстепениот суд, Советот најде дека по донесувањето на второстпената пресуда подносителот на 15.09.2022 година доставил барање за повторување на постапката до Апелациониот суд Скопје со неколку последователни поднесоци, кое барање со тие поднесоци е доставено до Основниот суд Велес за да се произнесе, за што бил писмено известен од второстепениот суд, а сите доставени поднесоци се наоѓале во списите на предметот. Согласно член 13 став 3 од Законот за судовите, Судскиот совет нема надлежност да ги испитува судските одлуки, односно судската одлука може да ја менува или укинува само надлежен суд во постапка пропишана со закон.

Претставка УПП.бр.08-416/2022 е неоснована од следните причини. Во претставката, подносителот како полномошник на тужителката односно предлагачката Ј.Г. од Гевгелија изразува незадоволство од постапување на Апелациониот суд Скопје по предметот Гж.бр.150/22 бидејќи донесената одлука од 21.06.2022 година со која е укината првостепната одлука фрла сомнеж врз објективноста, непристрасноста и стручноста при одлучувањето. Основниот суд Гевгелија донел решение П4.бр.20/20 од 22.01.2021 година со кое ја запрел парничната постапка по тужбата на тужителката Ј.Г. од Гевгелија и предметот да се препрати до вонпарничното одделение во судот. Потоа предметот добива нов број ВПП.бр.8/21. Судот постапувајќи по овој предмет донел решение на 17.11.2021 година со кое делумно го усвоил предлогот на предлагачката односно го усовоил предлогот за износ од 131.363,00 денари, а за над досудениот

износ го одбил како неосновано. По поднесени жалби од двете страни, Апелациониот суд Скопје донел решение Гж.бр.150/22 од 21.06.2022 година со кое ги увоил 2-те жалби, првостепеното решение го укинал и предметот го вратил на повторно одлучување пред превостепениот суд. Подносителот смета дека не треба да се примени одредбата од член 360 од ЗОО бидејќи се работи за недвижен имот со утврдено својство на споменик на културата, туку Законот за заштита на културно наследство. Исто така со оглед на фактот дека земјиштето се стекнало со статус Споменик на културата тогаш се применува член 9 став 3 од Законот за заштита на спомениците на културата, каде било наведено дека надоместокот за ограничување на правото на сопственост на споменик на културата се врши според прописите за експропријација со кој е уредено одземањето и ограничувањето на правото на сопственост. Бидејќи станувало збор за непотполна експропријација по аналогија не можело да стане збор за било каква застареност затоа што согласно член 18 став 3 од Законот за експропријација правото да се бара надоместок за експроприрана недвижност не застарува. Од спроведените извиди, увидот во претставката, прилозите на истата и изјавата на судијата, Советот најде дека Апелациониот суд Скопје со решение Гж.бр.150/22 од 21.06.2022 година го укинал првостепеното решение, а наводите во претставката претставуваат жалбени наводи. Оттука, по донесувањето на нова мериторна одлука од страна на првостепениот суд, доколку подносителот е незадоволен, истиот има право на жалба до второстепениот суд, па бидејќи наводите во претставката претставуваат жалбени наводи истите ќе ги има предвид судот при одлучувањето. Согласно член 13 став 3 од Законот за судовите, Судскиот совет нема надлежност да ги испитува судските одлуки, односно судската одлука може да ја менува или укинува само надлежен суд во постапка пропишана со закон.

Претставка УПП.бр.08-428/2022**.** е неоснована од следните причини. Подносителот како тужен во постапката по предметот РО.бр.288/20 изразува незадоволство од постапувањето на судијата во смисла на тоа дека истата се однесувала непрофесионално, нестручно, арбитрерно и пристрасно. Судијата донела одлука РО.бр.288/20 од 06.10.2022 година со која го усвоила тужбеното барање на тужителот. Истата во текот на постапката постапила спротивно на член 235 од ЗПП односно определила економско-финансиско вештачење, иако видно од списите на предметот односно доказите тужителот на ниту еден начин не сторил веројатно дека постојат факти и околности поради кои не може да го прибави вештиот наод и мислење и да го достави со тужбата. Според него во вкави случаеви потребно е странката или нејзиниот полномошник напрвин со некако акт, одлука или договор да определи вештак каде ќе биде наведено што е предмет на вештачење и на кои факти и околности се врши истото. Оттука ако се има предвид дека со доставувањето на тужбата тужителот нема доставено релевантен доказ дека се обратил до тужениот со барање за увид во документацијата ниту доказ за уредна достава за прием на тоа барање, произлегува дека судијата спротивно на одредбата од член 235 од ЗПП има издадено наредба за вештачење од економско-финансиска област, со што ја има доведено во прашање еднаквоста на странките во постапката. Според наводите во претставката, бидејќи се работи за право од работен однос судијата постапката наместо за 6 месеци, истата ја завршила за 2 години, што според вас претставува нестручно и непрофесионално однесување. Од спроведените извиди, увидот во претставката, прилозите на истата и изјавата на судијата, Советот најде дека против пресудата на Основниот суд Куманово РО.бр.288/20 од 06.10.2022 година подносителот изјавил жалба до второстепениот суд, па со оглед на тоа дека наводите изнесени во неговата претставка воедно преставуваат и жалбени наводи, повисокиот суд ќе ги цени како такви при одлучувањето. Согласно член 13 став 3 од Законот за судовите, Судскиот совет нема надлежност да ги испитува судските одлуки, односно судската одлука може да ја менува или укинува само надлежен суд во постапка пропишана со закон.

Претставка УПП.бр.08-455/2022 е неоснована од следните причини. Во претставката, подносителот е незадоволен од работата на Основниот граѓански суд Скопје предметот РО.бр.158/21 за остварување право од пензија, бидејќи смета дека е пробиен рокот за завршување на постапката. Имено на рочиштето од 29.09.2022 година заради прензионирање

на судечкиот судија, предметот бил доделен на нов судија Маја Димитрова. Бидејќи во предметот имало класифицирани информации, судијата ја одложила расправата за 01.02.2023 година бидејќи истата немала безбедносен серификат. Од спроведените извиди и увидот во претставката, Советот најде дека откако на судијата ќе и биде доделен безбедносен серификат, постапката по предметот ќе продолжи на ден 01.02.2023 година за кога било закажано рочиштето. По донесувањето на мериторната одлука, доколку подносителот е незадоволен има право на жалба до второстепениот суд. Воедно, наводите во претставката ќе бидат ценети како жалбени наводи. Согласно член 13 став 3 од Законот за судовите, Судскиот совет нема надлежност да ги испитува судските одлуки, односно судската одлука може да ја менува или укинува само надлежен суд во постапка пропишана со закон.

4.Заменик претседателот на Советот **Селим Адеми** му даде збор на членот на Советот **МЕРИ РАДЕВСКА** во својство на известител да пристапи кон реферирање на пријавените претставки.

Известителот ги изложи пријавените претставки освен претставката УПП бр.08-427/22 која се повлече од расправа .

Заменик претседателот на Советот **Селим Адеми** отвори расправа по излагањето на известителот.

По расправата заменик претседателот на Советот **Селим Адеми** го стави на гласање предлогот на известителот претставката под УПП бр.08-457/22 да биде основана ..

По гласањето се констатира дека со 1 глас "За" и 10 гласа "Против" претставката УПП бр.08-457/22 е донесен следната :

О Д Л У К А

Претставка УПП.бр.457/22 по однос на постапување на Основниот суд Битола и Апелационен суд Битола, а во делот на одлуката за трошоци на постапката. Наведува дека двата суда одлучиле да со оглед на успехот на спорот секоја странка да ги сноси своите трошоци, па смета дека одлуката за трошоци е неоснована. Согласно доставената изјава од судиите кои во втор степен постапувале по предметот, Советот констатира дека жалбен навод за трошоци за медицинско вештачење не бил истакнат, жалбен навод за судските такси и тоа тужба и пресуда не бил истакнат. По однос на наводите за судска такса за жалба, советот најде дека жалбата е одбиена. Врз основа на горенаведеното, Советот констатира дека не е надлежен да менува судски одлуки, ниту да цени докази од причина што согласно чл.13 ст.3 од Законот за судовите судска одлука може да се менува или укинува само од надлежен суд во постапка пропишана со закон

Заменик претседателот на Советот **Селим Адеми** ги стави на гласање останатите предлози на известителот по изложените претставки.

По гласање за останатите предлози на известителот се констатира дека едногласно, со 11 гласа „За" и ниту еден глас „Против" е донесена следната:

О Д Л У К А

Претставка УПП.бр.404/22 поради незадоволство од незаконито и нестручно постапување на судии од Апелационен суд Скопје кои постапуваат по предметот ГЖ-440/22 и бара Советот да поведе постапка за утврдување на нестручно и несовесно вршење на судиската функција. Во конкретниот случај се работи за предмет и истакнато тужбено барање на тужителот-ЈП Водовод и канализација Скопје спрема тужениот – подносител на претставка за долг во вредност од 5.351,00 денари. По однос на наводите изнесени во претставката дека во нотарскиот предмет не биле приложени веродостојни исправи истите е оценето дека се неосновани, а непримањето на фактурата и поднесувањето на приговор не го ослободува корисникот од обврската да го плати долгот на време. Согласно горенаведеното, наводите во претставката се жалбени наводи по кои Советот не е надлежен да постапува. Имено, Советот не е надлежен да преиспитува судски одлуки, ниту да цени докази. Согласно чл.13 ст.3 од истиот

закон судска одлука може да се менува или укинува само од надлежен суд во постапка пропишана со закон.

Претставка УПП.бр.443/22 во врска со незадоволство од донесена пресуда КЖ-449/22 од страна на Апелационен суд Гостивар кој постапувал по по поднесена жалба по пресуда на Основниот суд Гостивар по предметот К-111/22. Советот најде дека со пресуда КЖ-449/22 од 01.11.2022 година второстепениот суд постапувајќи по поднесена жалба од подносителот на претставка-обвинет истата ја одбил како неоснована, а првостепената пресуда ја потврдил. Второстепениот суд внимателно ги разгледал жалбените наводи за сторена суштествена повреда на одредбите на кривичната постапка, ги ценел приложените докази, но истите не ги прифатил за основани со оглед на тоа што обжалената пресуда не содржи недостатоци по однос на правосилноста и законитоста. Согласно горенаведеното, наводите во претставката се жалбени наводи по кои Советот не е надлежен да постапува.

*Заменик претседателот на Советот Селим Адеми констатира дека членот на Советот Павлина Црвенковска ја напушти седницата од оправдани приичини.*

5.Заменик претседателот на Советот **Селим Адеми** му даде збор на членот на Советот **ИВИЦА НИКОЛОВСКИ** во својство на известител да пристапи кон реферирање на пријавените претставки.

Известителот ги изложи пријавените претставки.

Заменик претседателот на Советот **Селим Адеми** отвори расправа по излагањето на известителот и по расправата, ги стави на гласање предлозите на известителот по изложените претставки.

По гласањето констатира дека едногласно, со 10 гласа „За“ и ниту еден глас „Против“ е донесена следната:

О Д Л У К А

Претставка УПП бр.08-415/22 се однесува на предмет П1-171/22 на Основен суд Охрид каде судијата не ја дал бараната информација за состојбата по предметот.Од прибавената изјава на судијата кој постапува по конкретниот предмет произлегува дека на ден 28.10.2022 година по писмен пат е побарана информација за состојбата со предметот на Основен суд Охрид П1-171/22 и дали и кога тужбата е доставена до тужениот кој бил вработен во Основен суд Охрид. Имено тужбата на тужителот чиј застапник по закон е подносителот на претставката против тужениот вработен во Основен суд Охрид за враќање на подвижна ствар заведена под П1-171/22 е поднесена на ден 29.09.2022 година. Судијата наведува дека тужениот ја примил тужбата и дал одговор на тужба на ден 31.10.2022 година, кога е примено и барањето на подносителот на претставката за кое судијата сметал дека не е должен писмено да одговори на таквото барање бидејќи секако предметот бил за насрочување и тужителот ќе добиел покана за подготвително рочиште и примерок од одговорот на тужбата.Подготвителното рочиште закажано за ден 21.12.2022 година е одложено за ден 16.02.2023 година по барање за одлагање на истото поднесено на ден 21.11.2022 година во електронска пошта на судот од застапникот по закон на тужителот. Предвид горенаведеното нема одолговлекување на постапката од страна на судот, и без оглед на тоа што тужениот е вработен во судот како што смета подносителот на претставката, судијата наведува дека може и телефонски да се информира во врска со предметот, за кое не е неопходно писмено известување.

Претставка УПП бр.08-422/22 насловена како Дополнување на претставка, по која Советот на седницата одржана на ден 26.01.2023 година одлучи да се затвори со службена белешка и архивира.Претставката е поднесена на одговор од Судскиот совет доставен до подносителот по претходно поднесена престаака УПП бр.08-232/22 која Советот ја разгледал на седницата на ден 26.10.2022година , констатирал дека е неоснована и го известил подносителот. Видно од наводите во истата од страна на подносителот не се изнесени нови факти и докази, се укажува на сторени пропусти во текот на постапувањето по предметот П1- 8711/13 кој предмет ги

поминал трите судски инстанции по изјавен правен лек и се бара Советот повторно да ја разгледа преставката и дополнувањето на истата и да превземе мерки за разрешување на судиите кои постапувале по предметот.Предвид членот 11 од Законот за постапување по претстваки и предлози кога претставката се однесува на прашање за кое е веќе расправано, постапувањето по новоподнеснета претставака ќе се повтори само ако се изнесени нови факти и околности кои не биле познати во претходносто постапување.

Претставка УПП бр.08-429/1 за работењето на судија на Основен граѓански суд Скопје по предмет СТ-40/22, по која на ден 07.12.2022 година подносителот достави поднесок заведен под УПП бр. 08-429/2 на 15.12.2022 година во која наведува дека поднесената претставка против судија на Основен граѓански суд Скопје по предмет СТ-40/22, ја повлекува.

Претставка УПП бр.08-441/22 насловена како Известување во врска со предмет на Основен суд Кавадарци К.бр.10/22. Од прибавената изјава на судијата кој постапувал по предметот произлегува дека од увид во електронското досие на предметот во судот, предметот со сите списи е во постапка по жалба пред Апелациониот суд Скопје. Во однос на наводите дека изготвеното ЦД со видео снимка од надзор од кривично правниот настан како клучен доказ во предметот од страна на судечкиот судија не бил доставен до вештите лица кои го изготвувале супервештачењето за да имаат целосен увид во фактичката состојба, од прибавената изјава на судијата и од увид во прилог записници од расправата пред судот произлегува дека наводите се неосновани. Имено, на главна расправа на 21.02.2022 година каде поради технични причини не било можно изведување како доказ видое снимка од надзор со назив Општина паркинг 10.25.8.19 од 20.11.2020година судот го задолжува јавниот обвинител да достави видое снимка на соодветен медиум како би можела да се репродуцира на главна расправа. На одржана главна расправа на 15.03.2022 година судот го извел како доказ наведеното ЦД, а исто така заради отстранување ена противречности во наодите и мислењето на вештите лица судот согласно член 394 став 2 од ЗКП донел решение за определување на супер вештачење. Со наредба на судијата К-10/22 од 15.03.2022 година предметот и сите списи кон него се доставени на супер сообраќајно вештачење до Бирото за судски вештачења Скопје, со напомена вештите лица при супервештачење да го имаат предвид наодите и мислењата на вештачењата изведени како доказ во текот на постапката и да дадат свои мислења. Согласно одредбите од ЗКП каде доказите се изведуваат непосредно во текот на доказната постапка, судот на главната расправа одржана на 25.10.2022година ги повикал вештите лица кои го изготвиле супервештачењето и странките во постапката и тоа јавниот обвинител, одбраната и полномошникот на оштетениот извршиле распит на вештите лица. Советот најде дека неосновани се наводите на подносителот за посочениот судија предвид да истиот конкретниот предмет со сите списи го доставил до вештите лица, посочениот доказ за кривично правниот настан е репродуциран на записник во доказна постапка и е дел од списите на предметот, а по истиот тој доказ и вештите лица се произнеле во доказна постапка.

6.Заменик претседателот на Советот **Селим Адеми** му даде збор на членот на Советот **САШКО ГЕОРГИЕВ** во својство на известител да пристапи кон референрирање на пријавените претставки.

Известителот ги изложи пријавените претставки.

Заменик претседателот на Советот **Селим Адеми** отвори расправа по излагањето на известителот и по расправата, ги стави на гласање предлозите на известителот по изложените претставки.

По гласањето констатира дека едногласно, со 10 гласа „За“ и ниту еден глас „Против“ е донесена следната:

О Д Л У К А

Претставка УПП бр.08-274/22 се бара информација дали лицето Р. С. осудена со правосилна пресуда на ОС Велес, К.бр.18/16 од 19.04.2016 година е спроведена на издржување

на казна затвор, односно дали пресуда К.бр.18/16 е извршена. Судскиот совет на Република Северна Македонија постапувајќи по претставката ја разгледа истата на седница на Советот одржана на ден 26.01.2023 година. По направените извиди и одговорот добиен од Основниот суд Велес до каде Советот најнапред се обрати се констатира дека со пресуда на Основен суд Велес, К.бр.18/16 од 21.04.2016 година обвинетата била огласена за виновна за кривично дело Измама по што и била утврдена казна затвор од 2 години и истовремено алтернативна мерка Условна осуда со која изречената казна затвор нема да се изврши доколку обвинетата за време од 4 години по правосилноста на пресудата не стори ново кривично дело. Пресудата станала правосилна на ден 24.01.2017 година, а извршна на ден 24.04.2017 година. Со пресуда КС-КР.бр.202/19 од 11.02.2020 година на Основен суд Велес била отповикана условната осуда изречена со правосилната пресуда К.бр.18/16 од 21.04.2016 година и определено било утврдената казна затвор од 2 години да се изврши. Оваа пресудата станала правосилна на 28.10.2020 година. Од страна на судија за извршување на санкции при Основен суд Велес до Основниот кривичен суд Скопје – Оддел за извршување на кривични санкции со писмен допис КУИКП.бр.9/21 од 21.01.2021 година согласно одредбите од Законот за извршување на санкции доставена била правосилната и извршна пресуда КС-КР.бр.202/19 од 11.02.2020 година со цел извршување на истата, од причини што осудената има место на живеење во Скопје. По добиениот одговор од Основен суд Велес од страна на Советот во врска со извршување на пресудата КС-КР бр.202/19 од 11.02.2020 година побарано е известување и од Основниот кривичен суд Скопје ( судот надлежен за извршување на пресудата според местото на живеење на осудената). Во одговорот од Основен кривичен суд Скопје се наведува дека по извршената проверка во системот на судот констатирано е дека во Одделот за извршување на сакнкции при Основен кривичен суд Скопје за осудената бил формиран предмет КУИКП.бр.58/21. Судијата за извршување на санкции кој постапувал по предметот издал упатен акт осуденото лице на ден 26.02.2021 година да се јави во КПУ Идризово на издржување казна затвор. Осудената не се јавила во КПУ Идризово, поради што од страна на судијата за извршување на санкции била издадена наредба за приведување и потерница од МВР на РСМ. Во врска со издадената наредба за приведување на осудената.судијата за извршување на санкции до МВР доставил и 2-две ургенции. Истовремено судија за извршување на санкции дал и согласност до МВР за распишување на меѓународна потерница и екстрадиција на осудената. Согласно гореизложеното произлегува дека од страна на судијата за извршување на санкции од надлежниот Основен кривичен суд Скопје се превземаат сите законски дејствија за извршување на пресудата КС-КР бр.209/19 од 11.02.2020 година.

Преставка УПП.бр. 08-372/22 во врска со преставките доставени од лицето слушател во АСЈО .Советот покрај останатите надлежности е надлежен да избира и разрешува судии, да ја следи и оценува работата на судиите и да одлучува за утврдување одговорност на судиите во поглед на нивното постапување во судовите и извршување на судиската функција. Надлежноста на Советот по однос на судиите е поврзана со извршувањето на судиската функција од страна на судијата. Во конкретниот случај видно од наводите изнесени во преставката произлегува дека незадоволството на подносителот на преставката не се однесува на постапувањето на судијата при извршување на судиската функција, туку незадоволството се однесува на постапувањето на судијата како ментор во Академијата за судии и јавни обвинители. Согласно одредбите од чл.48 од Законот за Академија за судии и јавни обвинители менторите на предлог на Судскиот совет на РСМ и Советот на јавни обвинители ги утврдува Управниот одбор на Академијата. Поблиските услови за изборот, времетраењето на менторството, правата и обврските и надоместоците на менторите се уредуваат со Статутот и општите акти на Академијата.Од наведеното произлегува дека постапувањето на судијата како ментор и правата и обврските на менторот се регулирани со Стаутот на Академијата за судии и јавни обвниители. Аналогно на тоа Академијата постапува и е надлежна и кога станува збор за постапувањето на судијата како ментор од причини што менторите ги назначува Управниот одбор на Академијата. Воедно, од страна на подносителот на

преставката против истиот судија до Советот е поднесено и барање за поведување на постапка за утврдување одговорсност. По наведеното барање Советот има постапено во рамките на своите надлежности и има донесено одлука. Останатите наводи од преставката се однесуваат на лица кои не се вршители на судиска функција за кои Советот нема надлежност да постапува и одлучува. Врз основа на горенаведеното Судскиот совет на Република Северна Македонија констатира дека нема надлежност за постапување во конкретниот случај од причини што барањата наведени во поднесената преставка не спаѓаат во доменот на постапување на судијата за кои надлежен да постапува е Судскиот совет на Република Северна Македонија. Предвид на изложеното предметот да се смета за завршен, а преставките заведени во Советот под УПП.бр. 08-372/1 од 17.10.2022 година и УПП.бр.372/2 од 07.11.2022 година да се архивираат со службена белешка.

Претставка УПП. бр.08-421/22 преставката е поднесена поради незадоволство од постапувањето на Основниот суд Крушево по предметот П1 – 161/21.. Судскиот совет на Република Северна Македонија нема надлежност да се впушта во испитување, преиначување, менување, укинување или толкување на одлуките донесени од страна на судовите. Во конкретниот случај видно од содржината на претставката, произлегува дека подносителот го искористил правото на контрола на донесената првостепена одлука со поднесување на жалба до второстепениот Апелационен суд Битола. Поднесената жалба со одлука на Апелационен суд Битола е уважена и предметот е вратен на повторно постапување и одлучување пред првостепениот суд. Од наведеното произлегува дека во конкретниот случај се работи за сеуште активен предмет, по кој првостепениот суд Основен суд Крушево повторно ќе се произнесе со одлука, која повторно може да биде обжалена од подносителот на преставката. Согласно наведеното наводите изнесени во преставката се жалбени наводи и истите можат да бидат ценети само од страна на повисокиот суд, во случајов Апелациониот суд Битола, кој согласно со одредбите од Законот за судовите, единствено може да ја менува или укинува првостепената одлука во постапка пропишана со закон. Врз основа на утврденото Советот најде дека преставката е неоснована.

Претставка УПП бр.08-435/22 поднесена поради незадоволство од постапувањето на службени лица од општина Куманово по предметот 12-3474/1 од 05.10. 2020 година. Согласно надлежностите на Судскиот совет на Република Северна Македонија, регулирани со чл.36 од Законот за Судски совет на Република Северна Македонија, Советот е единствено надлежен да ја следи и оценува работата на судиите и судовите во Република Северна Македонија, како и да постапува по претставки и поплаки на граѓаните и правните лица за работата на судиите, претседателите на судовите и судовите. Од содржината на поднесеното писмено може да се утврди дека во истото подносителот не изразува незадоволство од работата на конкретен судија, претседател на суд или суд. Имено, по разгледување на писменото Советот утврди дека во конкретниот случај не станува збор за претставка во која се изразува незадоволство од работата на конкретен судија, туку се изразува незадоволство од работата и постапувањето на службени лица вработени во орган на локалната власт – Општина Куманово. Поаѓајќи од изнесеното, на поднесеното писмено, не може да му се даде третман на претставка која спаѓа во надлежност и по која би постапувал Судскиот совет на Република Северна Македонија од причини што станува збор за незадоволство од постапувањето на орган на локалната власт, а не од областа на судството. Согласно со наведеното, претставката е неоснована.

Претставка УПП бр.08-460/22 поднесена поради незадоволство од постапувањето на судија на Основен суд Тетово по предметот П1 бр.1026/21. Судскиот совет на Република Северна Македонија постапувајќи по претставката ја разгледа истата на седницата на Советот одржана на ден 25.01.2023 година и по расправата го констатира следното: Со решение на Судскиот совет на Република Северна Македонија, бр. 02-2094/1 од 07.12.2022 година поради исполнување на услови за старосна пензија, судијата од чие постапување се изразува незадоволство е пензионирана. Поради нејзинот заминување во пензија предметот согласно

АКМИС системот е распореден кај друг судија на постапување. Во изјавата доставена до Судскиот совет на Република Северна Македонија судијата кому предметот му е распределен на постапување наведува дека по приемот на предметот ќе постапува по истиот согласно со Закон и во рамките на законските рокови за постапување.

Претставка УПП бр.08-6/23 се изразува незадоволство од постапувањето на Основен суд Дебар. Видно од содржината на преставката во истата подносителот изразува незадоволство од постапувањето на Основен суд Дебар без при тоа да наведете конкретно од кој судија и за кој предмет се однесува неговото незадоволство. Воедно, од содржината на преставката произлегува дека Во конкретниот случај се работи за сеуште активен предмет, од причини што постапката пред првостепениот суд е сеуште во тек. Поради наведеното во смисла на одредбите од ЗКП по завршување на постапката подносителот има можност да го искористи правото на контрола на донесената првостепена одлука со поднесување на жалба до надлежен второстепен суд. Судскиот совет на Република Северна Македонија нема надлежност да се впушта во испитување, преиначување, менување, укинување или толкување на одлуките донесени од страна на судовите. Согласно одредбите од Законот за судовите, такво право има само надлежен суд кој во постапка пропишана со закон може да ја преиспита судската одлука. Согласно со наведеното, подносителот е известен дека претставката е неоснована.

7**.**Заменик претседателот на Советот **Селим Адеми** му даде збор на членот на Советот **МИРСАД СУРОЈИ** во својство на известител да пристапи кон реферирање на пријавените претставки.

*Заменик претседателот на Советот Селим Адеми констатира дека членот на Советот Павлина Црвенковска е повторно присутна на седницата.*

Известителот ги изложи пријавените претставки.

Заменик претседателот на Советот **Селим Адеми** отвори расправа по излагањето на известителот и по расправата, ги стави на гласање предлозите на известителот по изложените претставки.

По гласањето констатира дека едногласно, со 11 гласа „За“ и ниту еден глас „Против“ е донесена следната:

О Д Л У К А

Преставката УПП бр.369/2022 е поднесена по ради незадоволство на судија од Основен граѓански суд Скопје по предмет П4 -101/14 и за истиот предмет со исти или слични наводи има поднесено неколку преставки и тоа:Преставка УПП бр.08-210 од 08.05.2019 година која е разгледана на седница на Судски совет на 30.09.2019 година и констатира дека наводите во постапката се жалбени наводи за потврдена првостепена пресуда од Апелациониот суд Скопје по предметот П4-101/14;Преставка УПП бр.516/20 од 23.12.2020 година Советот ја разгледал преставкат на седницата одржана на 28.01.2021 година и подносителот искажал незадоволство од содржината на одговорот од Судскиот совет по претставка УПП бр.08-210 од 08.05.2019 година и од причини што не се изнесени нови факти и околности предметот е затворен со службена белешка; Преставка УПП.бр.417/21 од 14.07.2021 година во која не се изнесени нови факти и околности, Судскиот совет на седница 30.09.2021 година констатира дека предметот е најсоодветно со службена белешка да се архивира;Преставка УПП.бр.08-561/1 од 18.10.2021 година каде подносителот изразил незадоволство од начинот на распределба во АКМИС системот. Советот побарал изјава од Престедателот на Основен граѓански суд Скопје и на седницата одржана на 29.11.2021 година констатирал дека со дополнување и измена на Годишниот план за распределба на предмети, сите предмети на судијата кој бил отсутен поради подолго боледување, автоматски се распределени на сите судии; Преставка УПП.бр.08-43/1 од 04.02.2022 година подносителот изразил незадоволство од постапување на судијата и Советот на седницат одржана на 29.03.2022 година, констатирал дека постапката по жалба е правосилно завршена на 31.10.2018 година и наводите биле предмет на оценка во жалбена постапка и

преставката е неоснована; Подносителот и со оваа преставка УПП. бр.08-369/1 од 14.10.2022 година, се повикува на истите наводи и исвестувањата од Судски совет по претходните преставки, по предметот П4 101/14 има жалба и од страна на Апелациониот суд Скопје е потврдена првостепената пресуда, а воедно и до Врховен суд искористен правен лек по ревизија Рев.2-2-243/19 со која е одбиено барањето на 29.06.2020 година и Судскиот совет веќе го известил подносителот дека Советот не е надлежен да менува судски одлуки. Од спроведените извиди во преставката нема основ за повторно постапување по преставката и Советот донесе истата да се архивира со службена белешка согласно член 11 од Законот за постапување по преставки и предлози.

Преставката УПП бр.395/2022 подносителот изразува незадоволство од постапување по предметот МАЛВП-54/22 на Основен суд Кавадарци и наведува нестручно раководење со постапката од страна на судечкиот судија, несовесно спроведување на начелото за слободна оценка на доказите, односно дека судечкиот судија во доказна постака дозволил изведување на материјален доказ-исправа што не произведува правно дејство. Во преставката е наведено незадоволство од постапувањето и на Претседателот на Основен суд Кавадрци, дека недоследно ја извршува својата служба бидејќи Барањето за иземање на судија од страна на подносителот е одбиено како неосновано. По направените извиди во наводите по претставката, како и согласно изјавата добиена од судијата кој постапувал во предметот и претседателот на судот, Советот констатира дека постапката сеуште не е завршена, а тужбата е поднесена на 03.06.2022 година. Видно од изјавата на судечкиот судија, кој наведува дека предложените и изведените докази во постапката ќе ги цени во фаза на изготвување на пресудата, и дека подносителот на преставката, (во предметот тужен), несовесно и нестручно се однесува како адвокат со фактото што наместо да поднесе одговор на тужба поднесува противтужба, за истата не доставила доказ за платена судска такса и од тие причини за противтужбата е донесено Решение со кое противтужбата се смета за повлечена, уредно поканета на се одзвала на рочиште и во самата изјава на судијата наведени се и други дејствија со кои адвокатот како тужена несовесно постапувала. По однос на изјавата на Претседателот на Основен суд Кавадарци, истакнува дека подносителот несовесно ја одовлекува постапката, не примала поднесоци, има поднесено кривична пријава против судечкиот судијата,барање за иземање за кое претседателот сметал дека е неосновано и напоменува дека станува збор за првостепено постапување, и доколку странката е незадоволна од првостепената одлука, на располагање ги има сите правни лекови. Врз основа на наводите и изјавите на судечкиот судија и претседателот на судот Советот констатира дека наводите во преставката се жалбени наводи по кои Советот не е надлежен да постапува, судијата одлучува непристрасно и врз основа на слободна оценка на доказите. Врз основа на утврденото Советот најде дека преставката е неоснована.

Преставка УПП бр.426/2022 подносителот изразува незадоволство од постапување по предметот РО 10/17 на Основен суд Охрид и наведува нестручно и несовесно вршење на судиската функција. По направените извиди во наводите по претставката, како и согласно изјавата добиена од судијата кој постапувал во предметот, констатирано е дека станува збор за спор за психичко вознемирување и надомест на штета. На првото рочиште тужените доставиле приговор за неуредност на тужбата. Судијата со формално решение го одбил приговорот, а по жалба на дел од тужените решението било потврдено од Апелационен суд Битола. Рочиштето за главна расправа на 04.03.2019 не било одржало поради поднесено барање за иземање на судечкиот судија. Претседателот на судот го одвил барањето како неосновано и на 09.05.2019 година се дадени завршни зборови и донесена е пресуда РО 10/17 со која тужбеното барање на тужителот е одбиено како неосновано и тужителот да ги надомести трошоците на тужените. По жалба Апелационен суд Битола носи решение РОЖ-604/19 со кое ја потврдува пресудата РО-10/17 во одбиеното тужбено барње, а решението за трошоци на постапката го укинува. Пресудата РОЖ -604/19 тужителот ја примил на 23.04.2020 година, а станала извршна на ден 13.10.2020 година. По укинатото решение за трошоци, Основен суд Охрид донел решение со кое

го задолжил тужителот со трошоци на постапката, но со Решение РОЖ-487/20 е укинато решенито РО-10/17 од 15.09.2020 година и предметот е вратен на повторно одлучување. На 01.11..2021 година Основен суд Охрид донесол решение РО-10/17 со кое го задолжил тужителот со трошоци во постапката и истото станало извршно на 31.12.2021 година. На 08.06.2020 година од страна на тужителот бил доставен писмен поднесок за достава на решение РОЖ-372/18 од 17.04.2018 година на Апелационен суд Битола и во списите на предметот нема доказ дека истото било примено од тужителот. Постапката по предметот РО-10/17 е правосилна завршена, а дополнителната достава на наведеното решение нема влијани за понатамошниот тек на постапката, бидејќи со ова решение не се отфрла тужбата на тужителот како неуредна, туку се одбива приговорот на тужените за неуредност на тужбата, а тужителот во неколку наврати вршел увид во списите на предметот и бил запознат со ова решение. Од спроведените извиди во претставката и изјавата на судечкиот судија констатирано е дека наводите во преставката биле предмет на оценка во жалбена постапка, првостепената пресуда била потврдена во жалбената постапка, и отука, Советот констатира дека не е надлежен да ги испитува судските одлуки, односно судската одлука може да ја менува или укинува само надлежен суд во постапка пропишана со закон. Врз основа на утврденото Советот најде дека преставката е неоснована.

Заменик претседателот на Советот Селим Адеми даде пауза во траење од 15 минути.

*Заменик претседателот на Советот Селим Адеми констатира дека Мирсад Суроји ја напушти седницата од оправдани причини.*

8.Заменик претседателот на Советот **Селим Адеми** му даде збор на членот на Советот **МИЉАЗИМ МУСТАФА** во својство на известител да пристапи кон реферирање на пријавените претставки.

Известителот ги изложи пријавените претставки.

Заменик претседателот на Советот **Селим Адеми** отвори расправа по излагањето на известителот и по расправата, ги стави на гласање предлозите на известителот по изложените претставки.

По гласањето констатира дека едногласно, со 10 гласа „За“ и ниту еден глас „Против“ е донесена следната:

О Д Л У К А

Претставка УПП бр.08-431/22 насловена како Барање до Владата на Република Северна Македонија да се превземат мерки за преиначување на судски одлуки на Основен суд Делчево и Апелационен суд Штип поради одлука на Врховниот суд РЕВ 2 -209/11. Претставката од страна на Владата на Република Северна Македонија препратена е до Судскиот совет на надлежно постапување .Видно од приложените списи кон преставката и тоа решение на Врховниот суд на Република Македонија РЕВ2-209/2011 од 21.03.2013година со кое поднесената ревизија на тужителот се усвојува, а пресудата на Апелациониот суд Штип ГЖ-1391/10 од 04.11.2010 година и пресудата на Основен суд Делчево П-11/2010 од 20.07.2010 година се укинуваат и предметот се враќа на првостепениот суд на повторно судење.Од извршен увид во контролникот за работа на судовите за конкретниот предмет Советот утврди дека Основниот суд Делчево во повторената постапка по предметот заведен под П-5/14 донел одлука која станала правосилна на ден 29.10.2015година.Судскиот совет во смисла на членот 13 точка 3 од Законот за судовите, каде судската одлука може да ја менува или укинува само надлежен суд во постапка пропишана со закон, нема надлежност да постапи по барањето на подносителот во насока на преиначување на судски одлуки.

Претставка УПП бр.08-454/22 се изразува незадоволство од постапувањето на Основен суд Кочани по предметите К бр. 274/17 и К бр.183/18.Од увидот во списите кон претстваката Советот констатира дека постапувајќи по кривична пријава од Одбор за заштита на имотот на поднесена до ОЈО Кочани против лицата е поднесен обвинител акт до Основен суд Кочани за сторено кривично дело “Несовесно работење во службата“ затоа што како членови на органот на

управување превзеле дејствија со кои на правното лице му предизвикале незначителна штета. Во Основниот суд Кочани оформен е предмет К-274/17.Од прибавената изјава на судечкиотсудија на Основен суд Кочани произлегува дека предметот К-274/17 по кој постапувал друг судија и постапката е раздвоена па оформен е предмет К-183/18 во кој предмет по признание на вина е донесена одлука од друг судија на ден 09.07.2018година и обвинетата е огласена за виновна, изречена и е алтернативна мерка Условна осуда и е задолжена на оштетеното правно лице да му ја надомести сторената штета во утврдениот износ. Пресудата е потврдена од Апелациониот суд Штип со пресуда КЖ-290/18 од 08.10.2018година. На ден 09.03.2020година на записник К-274/17 со решение е раздвоена постапката согласно член 29 став 1, така што против првообвинетите се води под К-69/20 и предметот преку Врховниот суд на Република Северна Македонија е доделен на стварно и месно надлежен да постапува по предметот сега Основен кривичен суд Скопје.Предметот К-274/17 преку АКМИС системот во работа му е даден на работа на сега судечкиот судија на 29.05.2020година и се закажани неколку рочишта за главна расправа и донесена пресуда на 19.08.2022 година. Со пресудата објавена на ден 20.10.2022 година , обвинетите се огласени за виновни и изречена им е алтернативна мерка Условна осуда. Во текот на постапката судот утврдил дека правното лице има застапник по закон -стечајниот управник кој бил поканет и на записник од 09.05.2022 година се произнел дека во врска со оштетното побарување веќе тече извршување од осудената и е заведен извршен предмет И бр.107/19 кај извршител за надомест на штета од износ 1.668.848,00 денари.

9.Заменик претседателот на Советот **Селим Адеми** му даде збор на членот на Советот **ПАВЛИНА ЦРВЕНКОВСКА** во својство на известител да пристапи кон реферирање на пријавените претставки.

Известителот ги изложи пријавените претставки.

Заменик претседателот на Советот **Селим Адеми** отвори расправа по излагањето на известителот и по расправата, ги стави на гласање предлозите на известителот по изложените претставки.

По гласањето констатира дека едногласно, со 10 гласа „За“ и ниту еден глас „Против“ е донесена следната:

О Д Л У К А

Претставка УПП.бр.08-447/2022**.** До Судскиот совет на РСМ со претставка заведена под УПП.бр.08-447/2022 од 19.12.2022 година и дополнување со корекција на одговорот на известување, заведено под бр.08-447/2 од 21.12.2022 година во кое е наведено дека го повлекува дописот од 19.12.2022 година и останува кон поднесениот допис од 21.12.2022 година, се обрати Т.Г. од Скопје, во која изразува незадоволство од известувањето од 16.11.2022 година добиено од Советот и наведува дека истото не дава одговор во насока на заштита на на нејзините права и интереси. Воедно наведува дека е незадоволна од од Решение на Апелациониот суд Скопје РОЖ.бр.1629/08 од 29.10.2008 година и пресуда на Апелациониот суд Скопје РСЖ.бр.1994/08 од 03.01.2008 година. Во конкретниот случај, Советот на седница одржана на ден 26.01.2023 година смета дека од причини што во претставката УПП.бр.08-447/1 од 21.12.2022 година не се изнесени нови факти и околности кои не биле познати во претходното постапување во смисла на член 11 од Законот за постапување по претставки и предлози (“Сл. весник на РМ” бр.82 од 8 јули 2008 год.), а за што впрочем на подносителот по претставката му било одговорено со известување УПП.бр.08-405/18 од 12.09.2018 година и УПП.бр.08-176/19 од 07.06.2019 година, следуваше дека најсоодветно е предметот да се архивира.

Претставка УПП.бр.08-451/2022**.** Судскиот совет на Република Северна Македонија постапувајќи по претставката, заведена под УПП бр.08-451/1 од 21.12.2022 година, во смисла на член 6 од Законот за постапување по претставки и предлози и чл.36 ст.1 ал.15 и чл.36 ст.2 од Законот за Судски совет на Република Северна Македонија, ја разгледа претставката на

седницата на Советот одржана на ден 26.01.2022 година и по расправата го констатира следното. Во претставката се изразува незадоволство од постапување на совет на Апелационен суд Скопје во предмет со основ работен спор, при што биле пречекорени законските рокови што допринело постапката непотребно да се одолговлекува .Се работи за оформен предмет на Основен суд Велес РО бр. 75/20 , по кој постапката била поведена на 16.07.2020 година со поднесување тужба, а пресуда во Основниот суд Велес била донесена на 17.09.2021 година, против која била поднесена жалба на 28.09.2021 година. Воедно полномошникот на тужителот се обратил со Ургенција до претседателот на Апелациониот суд Скопје и му било одговорено дека предметот ќе биде приоритетно земен во работа, па на 15.11.2022 година на подносителот на претставката му била доставена пресуда РОЖ.бр. 2076/21 од 27.10.2022 година, што значи дека второстепениот суд донел пресуда по 1 година и 1 месец, иако за работни спорови судот согласно чл. 405 ст. 5 од Законот за парничната постапка - одлука по жалба се донесува во рок од 30 дена од денот на приемот на жалбата , односно во рок од два месеца доколку пред второстепениот суд се одржи расправа. Врз основа на спроведените извиди извршени од страна на Советот произлегува дека предметот РОЖ.бр.2076/21 кај судијата – известител бил прераспореден и доставен по АКМИС-системот прв пат на 07.10.2022 година, откако претходно бил распореден кај друг судија, кој побарал изземање од постапување по истиот, а по прием на предметот на 07.10.2022 година, судијата – известител го реферирал на 27.10.2022 година, кога била донесена пресудата РОЖ.бр. 2076/21 од 27.10.2022 година. По однос на наводите истакнати во претставката за тоа дека второстепениот суд ја донел одлуката по протек на 13 месеци, Координаторот за следење на работата на Апелациониот суд Скопје , во рамки на следење на состојбата во судот ќе го има во предвид и конкретниот предмет, со цел да ги утврди причините поради кои постапката по предметот се оддолговлекувала, се со цел за што поголема правна сигурност на странките. Исто така Советот го известува подносителот дека Судскиот совет во рамките на својата надлежност ја следи и оценува работата на судиите и по однос на наводите кои ги имате наведено во преставката, а кога за тоа Судскиот совет ке оцени дека има потреба превзема мерки и активности согласно законот. Притоа следењето и оценувањето на работата на судијата се остварува без да се наруши независноста и самостојноста на судијата во вршењето на судиската функција.

Претставка УПП.бр.08-461/2022**.** До Судскиот совет на Република Северна Македонија, со претставки заведени под број 08-461/1 од 23.12.2022 година и број 08-461/1 од 27.12.2022 година, се обрати подносителот, без да наведе своја адреса, туку само мобилен телефонски број.Од причина што претставките се нејасни и нецелосни и во истите не се наведува незадоволство од постапување на суд, туку незадоволство од одреден јавен обвинител, со допис -дополнување –прецизирање на претставка заведен под УПП.бр. 08-461/3 од 03.01.2023 година (кој е определено дека лично на рака ќе му се достави), беше повикан во Советот да се произнесе по наведениот допис, во смисла на тоа дека треба да наведе јасно и конкретно на што се однесува неговото незадоволство, дали се однесува за суд, да наведе за кој судија и за кој судски предмет (или предмети) станува збор. Согласно Службената белешка составена од Државен советник во Советот, заведена под УПП.бр. 08-461/22 од 16.01.2023 година на ден 10.01.2023 година подносителот дошол во Судскиот совет на РСМ и кога требало да му се даде дописот за дополнување (прецизирање) на преставката, истиот кажал дека не го прима дописот бидејќи станувало збор за незадоволство од Јавен обвинител, а не за судски предмет и нема што да наведе во дописот. Поради тоа усно му било кажано од страна на државниот советник да се обрати до Советот на Јавни обвинители како надлежен орган за работата на јавните обвинители, по што истиот си заминал, без да го прими дописот дополнување –прецизирање на претставка заведен под УПП.бр. 08-461/3 од 03.01.2023 година. Во конкретниот случај Советот на седница одржана на ден 26.01.2023 година, смета дека од горе наведените причини дека најсоодветно е предметот да се архивира.

10.Заменик претседателот на Советот **Селим Адеми** му даде збор на членот на Советот **ТАЊА ЧАЧАРОВА ИЛИЕВСКА** во својство на известител да пристапи кон реферирање на пријавените претставки.

Известителот ги изложи пријавените претставки.

Заменик претседателот на Советот **Селим Адеми** отвори расправа по излагањето на известителот и по расправата, ги стави на гласање предлозите на известителот по изложените претставки.

По гласањето констатира дека едногласно, со 10 гласа „За“ и ниту еден глас „Против“ е донесена следната:

О Д Л У К А

Претставка УПП бр. 08-343/22. Подносителот во претставката изразува незадоволство од работењето на Основен кривичен суд Скопје по предметот К.бр.3282/20 и од работењето на Основен суд Битола по предметот К.бр.15/21. Укажува дека незадоволството се состои од тоа што во двете постапки е суден без решение за екстрадиција и без лични документи и дека од двата суда бара да му се достави решение за екстрадиција и личните документи - патна исправа, лична карта и сл. Заради проверка на изнесените наводи побарано е известување од Основен кривичен суд Скопје и Основен суд Битола и е утврдено следното. Основниот суд Битола, со наредба КУИКП.бр.110/18 од 10.10.2018 година има издадено меѓународна потерница, за осудениот, осуден со пресуда на Основниот суд Скопје 1 Скопје К.бр.658/18 од 27.06.2018 година на казна затвор во траење од 1 година и 6 месеци. Во списите на овој предмет не се наоѓало решението за екстрадиција, имало известување за екстрадиција од Министерството за правда, сектор за меѓународна правна помош, во кое е наведено дека спроводот ќе биде извршен на ден 29.10.2020 година. Согласно член 74 од Законот за меѓународна соработка во кривична материја е предвидено дека ако против лице кое се наоѓа во странска држава се води кривична постапка во Република Северна Македонија или кое е осудено од домашен суд, министерот за правда поднесува барање за екстрадиција и согласно член 66 од истиот закон носи решение со кое се дозволува екстрадицијата. Дополнително, од изветувањето на Основен суд Битола се утврди дека по екстрадицијата постапува Министерството за правда, Сектор за меѓународна правна помош и дека преку судската писарница на Основен суд Битола и претседателот на судот на подносителот е дадена целокупната документација која се наоѓала во кривичниот предмет и е упатен каде да се обрати. Патните исправи се одземени со потврда од надлежен орган која подносителот ја поседува и истиот треба да се обрати до органот кој со потврдата ги одземал патните исправи.
Врз основа на сето погоре наведено, Советот најде дека наводите изнесени во претставката се неосновани.

Претставка УПП бр. 08-408/22. Подносителот во претставката наведува дека на ден 10.11.2022 година новинарската екипа која заради пројавениот интерес во јавноста го следи предметот бр. П5-3/22, по започнувањето на расправата е вербално нападната од страна на судечкиот судијата, со закана која може да се протолкува исклучиво како обид за цензура и попречување при вршење на новинарската професија.
Укажува дека кога судијата завршил со евидентирање на присутните без било какво објаснување на висок тон побарал да го отстрани лаптоп компјутерот, на што е појаснето дека лаптопот не снима и нема можност за аудио снимање, туку се користи за запишување на забелешки од судењето со цел да се избегнат интерпретации.Судијата не објаснил врз основа на кои одредби забранува да се користи опремата за работа и забраната не ја нотирал како факт во записникот од главната расправа, иако тоа било побарано од страна на подносителот на претставката. Дополнува дека во рочиштата за кои претходно е известувано никогаш, ниту еден судија не попречувал или забранил новинарите да известуваат од судењата со било каква закана за одземање на опремата.Бара од Судскиот совет согласно член 77 став 1 точка 1 од Законот за судови да покрене дисциплинска постапка за утврдување на одговорност на судијата

и да изрече соодветна дисциплинска санкција во насока на санкционирање на конкретното недозволено и недолично однесување, со цел во иднина ниеден друг судија да не ја попречува работата на новинарите во вршењето на нивната професија и работни задачи.Советот спроведе извиди во рамките на законските надлежности и прибави изјава од судијата известител и во истата е наведено дека по предметот П5-3/22 донесено е решение за изземање на посочениот судија и понатамошно постапување и списите на предметот се распределени во работа на друг судија.Во врска со наводите изнесени во претставката судијата наведува дека не бил направен никаков обид за цензура, туку напротив подносителот на претставката е присутен на рочиштето по посочениот предмет на ден 10.11.2022 година, за цело време на траење на рочиштето и не му било попречено правото да известува за текот на расправата.Врз основа на чл. 104 ст. 3 од Судскиот деловник („Сл. весник на РМ“ бр. 66/13 и 114/14) визуелното (видео) и звучно (аудио) снимање, известување и фотографирање во парничната постапка и во постапката по управен спор може да се врши по одобрение на претседателот на судот, со претходно прибавено мислење на судијата кој постапува по предметот и со писмена согласност на странките. Врз основа на чл. 108 ст. 3 од Судскиот деловник („Сл. весник на РМ“ бр. 66/13 и 114/14) снимателската и другата опрема (мобилните телефони, компјутери) не смеат да произведуваат ефекти коишто го одвлекуваат вниманието. Опремата не може да се внесува или изнесува од судницата без одобрение на судијата или претседателот на советот. Согласно горе цитираните одредби Судскиот совет на Република Северна Македонија најде дека наводите во претставката се неосновани.

Претставка УПП бр.08-433/22. Подносителот во претставката изразува незадоволство од работата на судечкиот судија по предметот К-119/22, во поглед на висината на изречената казна како и дека не е обезбедена тонска снимка на предметот и покрај тоа што постои опрема за истото.Советот спроведе извиди во рамките на законските надлежности и прибави изјава од судијата известител и во истата е наведено дека од ОЈО Кавадарци оформен е предлог за издавање казнен налог против обвинетиот за кривично дело Загрозување на безбедноста во сообраќајот од чл. 297 ст. 3 в.в. ст. 1 од КЗ и предлага на обвинетиот судот да му изрече парична казна во износ 200 евра во денарска противвредност, а оштетениот да се упати на спор за остварување на оштетното правно побарување.По предлогот веднаш е постапено и на ден 03.11.2022 година е донесена Пресуда каде обвинетиот е огласен за виновен и е изречена парична казна, а оштетениот за евентуално оштетно побарување спрема обвинетиот се упатува на граѓанска парница.Пресудата е доставена до ОЈО Кавадарци, до обвинетиот и до оштетениот. Обвинетиот ја платил паричната казна и паушалот на ден 10.11.2022 година. Предметот е правосилен на 24.11.2022 година, а извршен на 12.12.2022 година.Оштетениот изјавил жалба против пресудата заведена под СУ-03-221/22 од 21.11.2022 година во Апелационен суд Скопје. Апелациониот суд Скопје жалбата ја доставил до Основниот суд Неготино на 28.11.2022 година.Со оглед на овие констатации, од страна на Судскиот совет на Република Северна Македонија не се најдени пропусти во постапувањето на судијата, ниту елементи за нестручно и несовесно вршење на судиската функција од причина што согласно Законот за кривична постапка не е предвидено тонско снимање во кривичните предмети, а исто така оштетениот има право да изјави жалба само во поглед на оштетното побарување, а не и за висината на изречената казна.Согласно горе наведеното, Советот најде дека наводите во претставката се неосновани.

Претставка УПП бр.08-444/22. Подносителот во претставката изразува незадоволство од постапувањето на судечкиот судија на Основен суд Струмица по предметот ВПП1-10/21. Наведува дека грубо се нарушени неговите права од причина што судијата нема закажано ниту подготвително рочиште, а ситуацијата во која се наоѓа е до толку тешка што се наоѓа на улица, иако е сосопственик на имотот. Бара од Советот да изврши увид во списите на преметот, да го испита во детали случајот и за констатираните неправилности да биде известен. Укажува дека за непостапувањето од страна на судијата е обавен разговор со претседателот на судот кој го

упатува да достави претставка до Судскиот совет.Советот спроведе извиди во рамките на законските надлежности и по извршениот увид во апликацијата Контрола на судови се констатира дека предметот е примен на ден 06.12.2021 година. Донесена е одлука на 04.01.2022 година, а жалба е изјавена на 17.01.2022 година. Одлуката од Апелациониот суд Штип е примена во Основниот суд Струмица на 20.09.2022 година. Предметот е правосилен на 09.09.2022 година. Врз основа на сето погоре наведено, Советот најде дека наводите изнесени во претставката се неосновани, од причина што предметот е правосилно завршен и архивиран.

Претставка УПП бр.08-458/22 Подносителот во претставката изразува незадоволство од постапувањето на судските совети по предметите У-6.бр.875/2021 на Управниот суд и УЖ-2.бр.43/2022 на Вишиот управен суд, во кои постапки се јавува како полномошник на тужителот, бидејќи смета дека при одлучувањето судските совети погрешно го примениле членот 39 став 2 од Законот за минерални суровини.Според наводите во претставката, тужителот е носител на концесија за експлоатација на минерална суровина врз основа на договор за концесија од 05.12.2013 година со важност до 02.09.2017 година, со можност за продолжување на договорот за период од уште 15 години. Истиот поднесува барање за продолжување на концесијата на ден 02.05.2017 година и дополнување на барање на ден 31.08.2017 година. Незадоволен од решението на Министерот за економија со кое барањето за продолжување на концесијата и дополнувањето на барањето се одбиени од страна на Министерот за економија, поднесува тужба за управен спор. Меѓутоа, Управниот суд и Вишиот управен суд исто така погрешно го толкуваат членот 39 став 2 од Законот за минерални суровини кога оцениле дека барањето на тужителот за продолжување на концесијата е поднесено после законски предвидениот рок, а кој во конкретниот случај е до 02.03.2017 година.Имајќи ја предвид одредбата од членот 39 став 2 од Законот за минерални суровини, согласно која за продолжување на периодот на кој е доделена концесијата за експлоатација, концесионерот е должен да поднесе барање за продолжување на концесијата во рок од шест месеци пред истекот на рокот за кој е доделена постојната концесија за експлоатација, сметате дека и Управниот и Вишиот управен суд во конкретниот случај, погрешно го толкувале и примениле правото во судската одлука, што има за последица оневозможување на странките да ги остваруват своите права. Тоа е спротивно на целите и функциите на судската власт од член 3 од Законот за судовите и се коси со основното начело на обезбедување на правна сигурност врз основа на владеење на правото.Со оглед да наводите во претставката како жалбени наводи биле предмет на оценка од страна на надлежен повисок суд, во конкретниот случај Вишиот управен суд, а согласно член 13 став 3 од Законот за судовите според кој судската одлука може да ја менува или укинува само надлежен суд во постапка пропишана со закон, Советот најде дека наводите изнесени во претставката се неосновани.Воедно,согласно членот 11 од Законот за судовите, судијата одлучува непристрасно и врз основа на слободна оцена на доказите и се забранува секој облчик на влијание врз независноста, непристрасноста и самостојноста на судијата во вршење на судиската функција по кој било основ и од кој било субјект.

Претставка УПП бр. 08-468/22 Подносителот во претставката истакнува наводи за коруптивно поведение на судија на Врховен суд на РСМ и член на Судскиот совет на РСМ. Укажува дека против судијата сите судии од Апелационото подрачје Штип имаат поплаки за неговото работење, дека врши притисоци и наплаќа за граѓански и кривични предмети. Посочува дека членот на Судскиот совет е главен кадровик за идните кандидати за судии во Академијата за судии и јавни обвинители преку член на Комисијата за прием како нејзина продолжена рака. Наведува пример за лобирање за избор на кандидат кој има сторено кривично дело со фалцификување на исправа.Бара од Советот да го спречи самоволието на посочените судии. Советот постапувајќи по претставката најде дека изнесените наводи се паушални, неаргументирани и непоткрепени со докази.Согласно член 8 од Законот за постапување по претставки и предлози (Службен весник на РСМ бр.82/2008, 13/2013, 156/2015 и 193/2015) е предвидено дека органот кој постапува по претставките и предлозите не постапува по анонимна

претставка, односно предлог, освен ако се работи за прашање од јавен интерес утврден со закон.Во смисла на погоре посочената законска одредба, Судскиот совет констатира дека најсоодветно е претставката да се архивира со службена белешка.

11.Заменик претседателот на Советот **СЕЛИМ АДЕМИ** во својство на известител пристапи кон реферирање на пријавените претставки.

Известителот ги изложи пријавените претставки.

Заменик претседателот на Советот **Селим Адеми** отвори расправа по излагањето на известителот и по расправата, ги стави на гласање предлозите на известителот по изложените претставки.

По гласањето констатира дека едногласно, со 10 гласа „За" и ниту еден глас „Против" е донесена следната:

ОДЛУКА

Претставка УПП.бр.358/22 во врска со незадоволство од постапување на судија од Основен граѓански суд Скопје по предметот ВПП2-3/22 во кој тој е тужител, односно начинот на кој судијата ја води постапката. Наведува дека досега судијата не закажувала рочишта, направила суштествени повреди на постапката и погрешно ја утврдила фактичката состојба, не земајќи ги предвид доказите од тужителот. Исто така, бара Советот да го укине решението на овој суд ВПП2-3/22 од 30.08.2022 година со кое се одбива предлогот за времена мерка како неоснован. Советот констатира дека предметот е во фаза на достава до Апелационен суд Скопје по изјавена жалба. Советот констатира дека не можело да се изврши уредна достава, било контактирано МВР, предлагачот доставувал предлози дополнително доуредени. Советот ја констатира следната состојба, произлегува дека судот постапувал ефикасно со разумна ажурност, а времетраењето на оваа постапка се должи на постапувањето на странките, односно предлагачот која постапка во многу наврати бидејчи се застапувал сам ја обременувал со постојано праќање дополнувања, поднесоци, барања и слично. Во конкретниот случај наводите во претставката се жалбени наводи по кои не е надлежен да постапува

Претставка УПП.бр.405/22 поради незадоволство од постапување на судија од Основен кривичен суд Скопје по прекршочен предмет Прк.бр.1464/16-Ј оформен по барање за поведување на прекршочна постапка од Министерство за внатрешни работи на РСМ против обвинетиот-подносител на претставка за сторен прекршок по чл 13 ст.2 вв ст.1 од Законот за прекршоци против јавниот ред и мир. Советот констатира дека подносителот – обвинет во повеќе наврати бил опоменуван бидејќи го нарушувал мирот и го попречувал работењето на судот и непристојно се однесувал. Советот најде дека во конкретниот случај наводите во претставката се жалбени наводи по кои не е надлежен да постапува. Согласно членот 11 од Законот за судовите судијата одлучува непристрасно и врз основа на слободна оценка на доказите и се забранува секој облик на влијание врз независноста, непристрасноста и самостојноста на судијата во вршењето на судиската функција по кој било основ и од кој било субјект, а Советот не е надлежен да менува судски одлуки.

Претставката УПП.бр.442/22 не се изнесени нови околности од веќе изнесените во претходно поднесената претставка до Советот од истиот подносител, заведена под број УПП бр.08-325/22 од 14.09.2022 година која била разгледана на одржана седница на Советот на 26.10.2022 година и оценета како неоснована за подносителот бил известен. Согласно член 11 од Законот за постапување по предлози и претставки Советот оцени по оваа претставка да не постапува и истата да се архивира.

Претставка УПП.бр.470/22 во врска со незадоволство од постапување на судија од Основен суд Велес по предметот К.бр.151/19 со која подносителот смета дека е неосновано осуден на казна затвор од 18 месеци која во моментов ја издржува. Воедно согласно чл.62 ст.1 од Законот за Судскиот совет на Република Северна Македонија постапката за утврдување одговорност на судија или претседател на суд се поведува во рок од шест месеци од денот на

осознавање на сторената повреда, но не подоцна од три години од денот на сторување на повредата. Согласно членот 11 од Законот за судовите судијата одлучува непристрасно и врз основа на слободна оценка на доказите и се забранува секој облик на влијание врз независноста, непристрасноста и самостојноста на судијата во вршењето на судиската функција по кој било основ и од кој било субјект, а Советот не е надлежен да менува судски одлуки.

**Точка 11**
**Формирање на Комисии на известители по поднесени барања за поведување на постапка за утврдување на одговорност на судија/претседател на суд**

Заменик претседателот на Советот **Селим Адеми** констатира дека за оваа точка од дневниот ред согласно чл.39 ст.2 од Законот за Судскиот совет на РСМ ќе се исклучи јавноста.

*Се констатира дека седницата ја напушти претставникот на Коалицијата сите за правично судење.*

**Точка 12**
**Разно**

*Се констатира дека на седницата повторно е присутен преставник од Коалиција сите за правично судење.*

За збор се јави членот на Советот **Мери Радевска** која предлага да се разгледа извештајот на претседателот на Основен кривичен суд Скопје доставен со допис од 25.01.2023 година со предлог на судијата Ванчо Неделков судија поротник роден 1963 година кој наполнил 60 години на 11.01.2023 година да се констатира престанок на функцијата судија поротник.

Заменик претседателот на Советот **Селим Адеми** констатира дека се донесе следната:

О Д Л У К А

На Ванчо Неделков, избран за судија поротник на Основен кривичен суд Скопје со одлука на Судскиот совет на Република Македонија бр.02-829/3 од 10.06.2020 година му престанува функцијата судија поротник, поради навршени 60 години старост.

Под друго разно, заменик претседателот на Советот **Селим Адеми** наведе дека од страна на стручни соработници во судовите на РСМ доставено е барање за поддршка и законско решение по однос на изборот на судии, при што се бара од Судскиот совет да достави предлог до Министерството за правда како предлагач на Закон за изменување и дополнување на Законот за судовите така што Судскиот освет да избира судии за основните судови од редот на стручните соработници кои исполнуваат одредени услови за стаж, кои се оценети со високи оценки, а заради доследна примена на препораките од Европската унија, по извршениот избор, избраните судии да бидат упатени на обука определен временски период во Академијата за судии и јавни обвинители. Се потенцира дека во судовите има стручни соработници со над 20 години ста., кој стаж во компарација со возраста на кадарот кој излегува од Академијата е поразително сознание. Бараат решение по однос на изложениот проблем и сметаат дека стручните соработници од судовите ќе допринесат стручно и професионално за враќање на вербата во судската власт на нивото на кое доликува. Во прилог се доставени табели со потписи од стручни соработници во Врховен суд на РСМ, Управен суд, Апелационен суд Штип, Основен кривичен суд Скопје и Основен граѓански суд Скопје.

Заменик претседателот на Советот **Селим Адеми** отвори расправа по барањето.

По расправата заменик претседателот на Советот **Селим Адеми** констатира дека по барањето поднесено од стручни соработници од судовите Судскиот совет дава целосна поддршка и писмото ќе се достави до Министерството за правда. Во однос на наводите од барањето се предложи Судскиот совет по направена анализа да излезе со предлог до Министертсвото за правда во законско решение со измена во Академијата да се овозможи прием и на стручни соработници од судовите со подолго искуство да бидат на обука со пократок рок од 6 месеци и тоа само практична обука за побрзо излегување со нови стручни кадри како судии**.**

По исцрпување на оваа точка од дневниот ред, заменик претседателот на Советот **Селим Адеми** констатира дека е исцрпен дневниот ред од продолжението на 428-та седницата и истата заврши во 13:15 часот.

Тонското снимање е составен дел на овој записник.

**Судски совет на**
**Република Северна Македонија**
**Претседател,**
**Весна Дамева**

Изработил: Јулијана Георгиевска, државен советник
Одобрил: Весна Толева, ВД Генерален секретар